## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Петтото продолжение на Деведесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 16 јуни 2005 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието.

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата. Продолжуваме со работа по Деведесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ангелка пеева-Лауренчиќ, Андреј Жерновски, Зоран Крстевски, Љупчо Мешков, Славе Арсовски, Ванчо Ѓорѓиев, Есад Рахиќ, Весна Борозан, Каролина Ристова, Ќенан Хасипи, Љубчо Ѓорѓиевски, Ѓорѓи Оровчанец, Марјан Ѓорчев, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Сашко Кедев, Петар Наумовски, Али Ахмети, Ганка Самоиловска Цветанова, Фазли Велиу и Теута Арифи, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Продолжуваме со работа по 28-та точка - Предлог за донесување на закон за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните**

Ги молам службите да проверат дали претставникот на Владата е присутен тука. Ако е тука нека влезе во салата.

Има министер, има и заменик. Еден може да биде тука присутен. На комисија може да биде присутен и повереник. За пет минути ќе дојде претставникот на Владата.

Повелете господине Ѓорѓиевски имате процедурално.

**Михајло Ѓорѓиевски:** Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници. Ние веќе подолго време овде во Собранието го кршиме Уставот на Република Македонија. Во членот 7 се кажува дека службен јазик на Република Македонија е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо. Ние пред нас гледаме латинско писмо и англиски јазик.

Значи, го молам претседателот и другите, да најдат слајд, т.е. програма која ќе биде кирилска и на македонски јазик. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Што да ви кажам господине Михајло Ѓорѓиевски. Можеби сте во право, но мислам дека ова е покорисно за пратениците дека тоа технички ќе го решиме кога ќе можеме да обезбедиме финансиски можности.

Дали тоа значи дека не знаете латиница? Програмот е таков, кога во претходниот мандат се договарал програмот и го купил на латиница. Тогаш тие одговараат за уставноста. Тогаш не беше проблем за уставноста. За програмот кој што е направен не може да се интервенира. Лошо е напрвен договорот. Затворен систем, не можеме да интервенираме. За интервенција ни бараат огромни пари.

Повелете госпоѓо Лалчевска, тука е претставникот, имате збор.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе.

Колешки и колеги пратеници, претставник на Влада. Би сакала сосем накратко да го изнесам ставот по Предлог-законот за референдум и другите облици на непосредно изјаснување.

Прво, ќе прочитам две одредби од Уставот, затоа што тие се тие кои што треба да го детерминираат законот кој треба да биде донесен.

Во членот 2 од Уставот се вели дека во Република Македонија суверенитетот произлегува од граѓаните и им припаѓа на граѓаните. Тоа е едната работа. Во ставот 2 понатаму вели дека граѓаните на Република Македонија власта ја остваруваат преку демократски избрани претставници по пат на референдум и други облици на непосредно изјаснување.

Исто така во амандманот 17, бидејќи ова е закон за референдум на државно и локално ниво и за облици на изјаснување на државно и локално ниво, во амандманот 13 се вели дека во единиците на локалната самоуправа, грааните непосредно и преку претставници учествуваат. Ве молам претседателе да обезбедите минимум тишина во салата, бидејќи јас не можам да ги надвикувам колегите.

**Љупчо Јордановски:** Јас ги молам колегите да бидат потивки.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам. А особено во областа на јавните служби, урбанизмот, рурално планирање, заштита на околината, локална економија, локално финансирање, комунални дејности, култура, спорт, социјална детска заштита, образование, здравство и тн. Значи тоа се сегментите на општественото живеење во кои граѓаните преку свои претставници и непосредно по непосреден пат одлучуваат.

Предлопг-законот кој денеска го имаме на дневен ред, спорд мене задира во овие две основни уставни одредби, затоа што членот 28 ставот 3 ја проширува листата на области во кои граѓаните не можат да интервенираат, односно да се изјаснат по пат на референдум, по однос на веќе донесен закон, како на локално така и на национално ниво, односно не можат да се изјаснат за прашања кои законите за нив се донесуваат по таканаречено Бадинтерово мнозинство. Таа листа не е мала, прилично е долга бидејќи опфаќа многу области кои се спомнати во амандманот 13, а тоа се и образованието и културата и заштитата и тн., значи таа листа прилично е долга. Значи ние сега со овој Предлог-закон им го стеснуваме просторот на граѓаните кои што им го дава Уставот тие на свој начин се изберат или по пат на референдум или со избор на кој претставници ќе се изјаснуваат, поготово во областа на референдумот. Значи ќе останат неколку

прашања, пред се од екологија, од заштита на животната средина на кои ќе можат граѓаните после донесување на ваков закон да се изјаснуваат по пат на референдум, односно да соберат потписи и да побараат распишување на дополнителен референдум за проверка на тој закон. Тоа не е добро бидејќи сите велиме и тврдиме дека ние сме демократска земја и сакаме да ја унапредиме демократијата. Меѓутоа, дали со стеснување на просторот за непосредно изјаснување, дали со зголемување на листата на закони и области по кои граѓаните не ќе можат на дополнителен реферндум да се изјаснуваат. Ние се движиме кон повисока демократија, или ја стеснуваме демократијата.

Бидејќи основно е правилото дека колку повеќе го отварате просторот за непосредно изјаснување на граѓаните, до душа и самиот збор "демократос", значи власт на народот, колку повеќе го стеснувате тој нивен простор, толку повеќе навлегувате во сфера на недемократичност и пад на демократијата во државата. Воопшто тоа е една главна определба, а втор дел кој ја дополнува сликата на демократијата е посредната демократија, односно преку свои претставници во власта. Добро се сеќавате дека пред месец дена имавме локални избори и таму ние доживеавме силен пад на демократијата, а сега ова ќе биде втор удат на демократијата, затоа што извештаите зборуваат дека во сегментот на посредна демократија, значи во сегментот на избори, ние доживеавме пад на демократија, тоа не е мое мислење, тоа е мислење на сите и мислење на посматрачите, кои ги посматраа нашите избори, а сега со ваков закон уште повеќе ќе го стесниме просторот за изјаснување на граѓаните и тоа ќе значи втор силен удар на демократијата. Значи после донесувањето на овој закон, кај нас демократијата ќе опаѓа.

Затоа, предлагам во членот 28 став 3 да се брише и во членот 40 ставот 2 да се брише. Со бришењето на овие одредби Предлог-законот ќе биде доведен во една нормална рамка, уставна пред се, бидејќи тогаш нема да задира во овие две уставни одредби кои на почетокот ги спомнав и ќе овозможиме во таков случај да донесеме закон соодветен на уставната рамка и соодветен на барање на демократските процеси.

Инаку по однос на тоа дека е направен обид со законот да се изврши систематизација на веќе псотоечките закони од оваа област, тоа е единственото добро што е направено заради поголема можност за примена на законот, сите тие закони што досега постоеја и со проширување на некои одредби се сместени во еден закон. Меѓутоа, по однос на, спроед мене, дискутабилната неусогласеност на овој закон со Уставот, која доколку би се избришале овие две одредби кои ги спомнав, тогаш нема да имаме проблем со уставноста.

Трета работа, ние во Македонија имаме Закон за локална самоуправа, кој исто така покрај што задира во уставноста на овој закон, задира, односно е во директен конфликт со Системскиот закон за локална самоуправа.

Во Законот за локална самоуправа, кој е сосема усогласен со Уставот и уставните амандмани, по однос на референдумот и граѓанската иницијатива е кажано во членот 26 ставот 2 дека граѓанска иницијатива не може да се поднесе за кадровски и финансиски прашања. Тоа се единствените ограничувања кај граѓанската иницијатива по кој не може да се оди со граѓанска иницијатива.

По однос на референдумот во членот 28, вели дека советот е должен да распише референдум на барање од најмалку 20% од избирачите на општината и може да распише советот референдум по прашање од негова надлежност. Воопшто нема никакви ограничувања дека не може да се распише референдум за прашања кои се донесуваат за кои се одлучува со Бадинтеровото мнозинство.

Колеги, овој закон е донесен после измените на Уставот кои следеа со Рамковниот договор. Значи во согласност е, многу пати како милувате да речете, со духот на Рамковниот договор. Ако е така, зошто тогаш не сте внеле такви забрани. И тогаш постоеше одредбата за Бадинтерово мнозинство и тогаш беше предвидено Бадинтеровото мнозинство, тоа е вградено во нашиот Устав. Зошто тогаш не сте внеле забрани, односно такви ограничувања за прашања кои се донесуваат со Бадинтерово мнозинство. Сега, после определен број години во овој закон ја проширувамe листата на прашања по кои не ќе може да се оди на референдум и со тоа овој закон за референдум и други облици на изјаснвување е во директен судир, односно атакува на системскиот закон за локална самоуправа, бидејќи таму како што претходно прочита има одредби кои се однесуваат на ова прашање.

Значи, да заклучам. Покрај тоа што задира во уставноста, овој Устав е и во спротивност со системски закон.

Јас ги молам претставниците на Министерството, бидејќи ова е прва фаза на законот и добро е тоа што оди во фази, добро е да ги изанализираат одредбите од законот за локална самоуправа, а кои се однесуваат на граѓанска иницијатива и референдум, да видат дека овој закон е во директен конфликт со одредбите на системскиот закон и добро да ја испитаат усогласеноста на овој закон, односно колку таа задира во Уставот, односно колку е уставен или не е уставен.

Поради ваквите неусогласености со Уставот и директно кршење на законот за локална самоуправа, јас ваквиот предлог не можам да го поддржам.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Лалчевска.

Повелете господине Петковски, имате збор.

**Тито Петковски:** Господине претседател, почитувани колеги и претставници на Владата,

Мислам дека ова е добра прилика да разговараме многу темелно по еден мошне значаен проект, кој што задира во сите сфери на животот и од кој очигледно зависат многу работи како ќе се развива Македонија како демократска земја, како цивилно општество итн. За жал, ние одвикнавме или не се навикнавме да разговараме во Собранието, да имаме и спротивставени погледи и ставови, но дефинитивно да браниме ставови кои ќе одат во прилог на натамошна изградба на Македонија како стабилна и просперитетна држава, особено кога станува збор на еден инстут на непосредна демократија како што е референдумот.

Веднаш да кажам дека не треба да трошиме многу емоции и снаги, станува збор за проект кој е во прва фаза. Значи денес расправаме за Предлогот за донесување на закон, односно за потребата за донесување на закон и ова дава можност неограничено сите ние поединечно да даваме сугестии и идеи и дефинитивно во текстот-дали ќе оди во две или три фази ќе видиме понатаму-предлагачот, односно Владата да иа што поголем фонд на располагање на информации и врз основа на тоа да му предложи на Собранието нацрт, ако биде во три фази, или ќе биде Предлог на закон ако биде во две фази, да може аргументирано после тоа да расправаме дали дел од овие наши сугестии се интегрирани во еден таков текст.

Според тоа, веднаш ќе кажам дека ваков закон на Македонија и е потребен. Значи јас ќе подржам Предлогот за донесување на закон, бидејќи овој закон практично кодифицира се она што досега е направено во Македонија како пропис во сверата на непосредното изнаснување, значи референдумот и сите други облици на непосредно изјаснување на граѓанинот. Значи овде не станува збор за дефинитивен текст, ако го усвоиме вака како што е текстот ние усвојуваме Предлог за донесување на закон, значи потребата за донесување на законот, дека сме отстапиле од нашите партиски, па ако сакате идеолошки или програмски определби. Значи денес расправаме за потребата за донесување на овој закон и Македонија има потреба да донесе ваков закон. Најдобра потврда е дека она што ни се случуваше за време на референдумот по новата териториjална организација на државата, до таа мерка се запалија страстите во Македонија што многу политички фактори во државата, говорам и од позицијата и од опозицијата, сметаа дека Македонија дефинитивно ќе пропадне ако референдумот за територијалната организација успее или дефинитивно победиле ако референдумот не успее. Никој не успеа, но тоа е друга тема за која ќе треба да расправаме, мислам дека Македонија остана само посиромашна за едно доживување во сверата на непосреднта демократија.

Гледано низ оваа призма, сакам неколку збора да кажам за тоа дали Македонија го збогатува својот правен поредок, дефинира одредени прашања, го надградува тој правен поредок и отвора перспективи за изградба на што повеќе форми на примена на непосредната демократија. Ако се темели ова што законот сега ги содржи одредбите на искуството на референдумот во врска со територијалната организација на државата и таа вкупна атмосвера што се создаде, значи во Македонија не треба воопшто да се одржуваат референдуми, бидејќи нема прашања-колешката Лалчевска кажа и посочи некои сфери за кои сметам дека не задираат во меѓуетничките односи и ја спомна екологијата. Јас мислам дека во Македонија дури и екологијата има етнички бои, мислам сами и даваме. Сечењето на шумите во западниот дел на Македонија нема исто значење или има етничко значење за разлика од сечењето на шумите во источниот дел на Македонија, сами ние проблематизираме, политизираме и даваме етничка содржина заради спротивставувањето на ставовите на политичките фактори во Македонија. Македонија е ретка земја во која има политички партии кои се составени исклучиво на етничка основа. Поради тоа и јас се плашам дека Македонија има шанса да применува многу демократски институти како што е референдумот и практично да не ги етнизира сите прашања и сите оние животни околности во кои ние како граѓани живееме независно од етничката припадност. Значи нема прашање, ако се примени она што најмногу овде е коска во грло на многу луѓе кои говореа, но вината која ја имплементира во законот Владата, каде што предлага дека за прашања за кои се одлучува условно речено со Бадинтеровото мнозинство да не можат да одат на референдум и мислам дека тука треба да се сконцентрираме сега во натамошната постапка околу донесувањето на законот. Дали се овие решенија добри, дали се целосни, што ќе треба да се направи, какви консултации експертски, стручни, меѓународна и наша јавност, кои искуства да користиме од европските и од светските земји, за да покажеме дека сакаме Македонија не да ја сегментираме на етнички основи, туку да ја градиме како цивилно општество во кое нема да биде важно кој на која етничка заедница припаѓа, туку колку е конструктивен граѓанин во изградба на едно демократско општество, едно побогато општество. Мислам дека сами донесовме не случајно во многу европски земји и устави дури е забрането формирање на политички партии на етничка основа. Ние немаме во Македонија етничка заедница која нема една или две политички партии. И сами го проблематизираме нашиот развој, и сами го подведуваме практично, ја подведуваме иднината на Македонија под интересот на секоја одвоено етничка заедница. Ако тој интерес не е запазен мислиме дека законот ги онеправдува етничките заедници. Јас се плашам, бидејќи влегуваме во еден мошне чувствителен период, една фаза на следната

седница ќе ни биде на дневен ред законот за употреба на знамињата на етничките заедници, јас не знам како ќе се проведеме, само можам да претпоставам колку емоции тоа ќе покрене и колку е тоа најбитно, сите тие надворешни манифестациони фактори се битни за изградба на подобар живот во Македонија. Ние ќе ги кршиме копјата околу тоа, кој, како, дали треба вакво или такво знаме и мислам дека ќе побегнеме од суштината на животните прашања со кои сме преокупирани и за кои сме вропчем тука во Собранието. Но тоа е тема што не сакам да ја апсолвирам сега.

Значи станува збор за две прашања кои во Македонија ќе побудат огромен интерес и за кои ние ќе треба да се договориме како да го градиме, да ги доближуваме погледите. Тоа членот 28 став 3, околу укинувањето на можноста на референдум да се одлучува и за прашања за кои е потребно т.н. Бадинтерово мнозинство на ниво на државата и членот 40 кога станува збор за референдум со слични карактеристики на ниво на општините и на Градот Скопје и тука да видиме кои се тие европски и светски искуства и кои се тие стандарди што ние треба да ги исполнуваме, за да одговориме на аспирациите кои Македонија ги има до крајот на годината. Не случајно последната порака од Брисел е Македонија да не се надева на започнување на преговори со ЕУ доколку не го донесе пакетот на закони од Охридскиот рамковен договор. Од тој пакет ни останаа само Законот за употреба на знамињата на заедниците и Законот за јазиците. Значи овој закон за референдујот и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните не е дел од тој пакет, меѓутоа, длабоко задира во меѓуетничките односи во Македонија кој може да има мошне силно влијание и на останатите други закони што треба да ги донесеме до крајот на годината. Во историјата, и затоа сакам да посочам некои примери, во минатото референдумот е користен во земји кои пред се ја имаат како обврска демократичноста во уредувањето на општествените односи. Уште во дамнешна 1778 година, во Масачусетц, држава во САД, за прв пат во историјата е применет институтот референдум и две години после тоа во една друга држава, исто така американска. Референдумот е организиран по повод Уставот на Масачусетц, текстот на Уставот и во првото читање на текстот на Уставот, односно консултативен референдум, текстот на Уставот е отфрлен. Дури после две години пак на референдум е прифатен Уставот на Масачусетц.

Понатаму како земја што многу често го користи референдумот е Швајцарија. Швајцарија е федерална и кантонална земја. Во Швајцарија дури е задолжително, бидејќи таму има разни етнички структури, различни етнички заедници. Живеат Германци, Италијани, Французи и домашни ретромани. Швајцарија како што знаете е организирана во кантони. Задолжително е кога се менува или кога се носи сојузниот устав на Швајцарија, задолжителен е референдумот, значи и федералниот устав и кантоналниот устав е задолжителен. Ако тргнеме по тоа дека Швајцарија е многу слична, има мои колеги овде кои не сакаат примерот на Швајцарија да го користиме, меѓутоа, Швајцарија е најблиску до нашата етничка структура и затоа често ја спомнувам кога говорам за тоа, еден пример на цивилно општество во кое се функционира, во кое не им е важно дали се Германци, Французи или Италијани, во кое се сите како граѓани швајцарци и во кое сакаат да ги имплементираат културите на сите овие народи и на никого да не му смета. Значи Швајцарија ако се плаши на федерално ниво, заради етничката структура, да организира референдум, таа треба да биде земја најчувствителна и загрозена нејзината стабилност, а не е така, Швајцарија е најстабилна земја. Јас верувам дека многумина ќе имаат одговор на прашањето па ќе кажат не сме ние Швајцарија или во Македонија не живеат Италијани, Германици, Французи, луѓе со многу повисока култура на многу повисоко цивилизациско ниво, па ако сакате и цивилизирано ниво итн. Меѓутоа наш стремеж е да ги достигнеме тие висини на тие земји, а не ни е стремеж да тонеме или да ја сегментираме Македонија. Мислам дека примерот на Швајцарија, па ако сакате и Франција, Франција е земја во која исто така институтот референдум многу често се применува. Во Франција 1/3 од граѓаните денес припаѓа на други етнички заедници, 30% во Франција живеат странци, и тука исто така имаме спор на таа тема, се работи за странци а кај нас имаме автохтоно население. Да, ама имате и една заедница во Македонија која исто така не е авгохтона, која што е дојдена по основи во Македонија. Говорам за Бошњаците. Нив ли ќе ги ставиме во иста категорија. Значи има многу прашања кои упатуваат на тоа дека Македонија мора да ги користи меѓународните искуства, да ги имплементира европските и меѓународни стандарди во нашиот Устав, ако сакаме да бидеме дел од тоа друштво на развиени цивилизирани народи каква што ЕУ. Кога ја спомнав Франција, Франција оди дури и за прашања од уставен карактер задолжително оди на референдум, па ако сакате на еден таков референдум-ќе ги потсетам луѓето кои тоа го следат-и Шарл Де Гол падна од власт, бидејќи неговиот предлог за промена на Уставот на Франција не помина во Франција и тој си поднесе оставка. Така се прави во сите силни демократски земји, така направи премиерот на Франција сега после неуспехот, говорам неуспехот на Ширак, на референдумот за европскиот Устав и првата жртва беше премиерот на Франција, а незнам дали ќе остане Ширак, дали ќе има шанса понатаму да има втор мандат. Но тоа си е проблем на Французите. Значи, кој многу се применува во земјите кои полагаат многу на непосредната демократија, на волјата на граѓаните. Ако ние продолжиме со редукцијата на правото, тоа е мое мислење, на граѓаните на непосредно изјаснување, мислам дека не е

далеку денот кога на избори ќе ни речат граѓаните вие сами бирај те си, повеќе ние не сакаме, ако не сакате да не консултирате, не сакате да не консултирате за ова, не сакате за она бидејќи сме мултиетничка, мултикултурна заедница, тогаш изберете си сами пратеници, влезете си сами итн. Се плашам да не се доближиме до некои спротивни искуства од историјата. Ќе спомнам дека референдумот како институција бил многу злоупотребуван во историјата. Прво и од Хитлер и од Мусолини за тие тоталитарни и авторитарни режими. Дури Мусолини да ве потсетам само не сакаше ни избори да организира во Италија, туку расписа референдум кај граѓаните и тие имаа право да гласаат за или против листата што Мусолини и неговото друштво ја состави. Слично нешто направи и Черчил 1945 година кога беше Англија во војна, тој предлагаше коалицијата која беше тогаш на власт во Англија да не се менува заради тоа што се водеше жестока војна со Јапонија и Черчил предлагаше да не се менува владата, да излезат на референдум граѓаните на Англија и да го потврдат мандатот на актуелната коалициона Влада до завршувањето на војната со Јапонија и се разбира ги изгуби. Според тоа, тоа не помина во Англија. Зошто? Затоа што имаат високо чувство и одговорност кон институтот референдум како облик и форма на непосредна демократија и тие волјата на граѓаните ја почитуваат.

Затоа, се плашам ако ние продолжиме, а отворено не разговараме, не водиме политичка акција кај граѓаните како сопствени избирачи може да ни се случи, не е далеку денот, да речат извинете, ама ние на референдум не излегуваме. Или мислам како земја на која дефинитивно ни е трајна определбата демократијата, може да ни се случи да мораме да ги менуваме законите, како што го изменивме Закнот за локални избори, да го намалиме цензусот заради излезот на граѓаните на изборите. Како што видовме и сега во многу градови не се случи тоа. Ова го повторувам неколку пати за да ја потврдам тезата дека не е желба на граѓаните редукција на демократијата, туку напротив, мислам дека желба на граѓаните е да се слушне почесто нивниот глас по многу прашања, па и оние најчувствителните. А наша задача, на политичките партии што сме овде не е даводиме кампања да го сегментираме нашето општество, туку да градиме една кохезиона општествена заедница во која ќе живееме попристојно, поубаво и со повисок стандард, а во која нема да биде битно дали сум Македонец, Албанец, Турчин или Влав итн.

Според тоа, заедно со политичката акција, нормативните акти кои Што ги градиме треба да создаваат перспектива Македонија навистина да се движи кон цивилно општество, Ако продолжиме на овој начин да ги проектираме односите, мислам дека не сме многу далеку од она што многумина странски аналитичари ни го предвидуваат дека не само што ќе бидеме мултиетничко општество, ние ќе бидеме бинационална држава со оглед на елементот во Уставот кој што е внесен и ќе биде стремеж на сите етнички заедници во Република Македонија, ако сакаат нешто да значат и да постигнат во Македонија да ја достигнат бројката 20% за да може нивниот глас да допре секаде, значи да бидат апсолутно консултирани за се.

Според тоа, мислам дека би било добро и со тоа ќе ја завршам својата дискусија, Македонија со овој закон да дава можност граѓаните непосредно да се произнесуваат за прашања кои директно ги тангираат нивните интереси, меѓутоа кои и фундираат основи за едно стабилно цивилно општество. Само на тој начин мислам дека ќе бидеме поблиску до целта и само на тој начин ќе бидеме дел или ќе бидеме со внимание следени во оваа држава од оние што треба да не примат во нивното друштво. Искрено да ви кажам, после толку години на наше осамостојување на политички плурализам во Македонија, не ми прави никакво задоволство што од време на време не викаат како племенски старешини во Маврово или во некое друго место странските дипломати да ни кажат дека ние сеуште не сме зрели да градиме цивилно општество и немаме перформанси да водиме држава и да ни удираат "пацки по глава"или ќе го направите тоа, или ќе се договорите за законот за референдум и за законот за знамињата или од вас нема да биде ништо. Значи уште една потврда и новата, заправо организирана од Швајцарската амбасада земја која што има најголеми искуства во сверата на референдујот и земја која што има многу блиска етничка структура како Македонија, ни држеа лекции и не собираа по летувалишта и зимувалишта, ни држат предавања за тоа како треба да се однесуваме ако сакаме да бидеме дел од тоа друштво. Мислам дека ова е приликата, се разбира кога станува збор на нормативен план, да направиме нешто сами за себе, а и да кажеме се што мислиме дека води кон надградба на нашиот правен систем и се разбира отворањето перспективи за едноцивилно општество во Република Македонија.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Петковски. Само се надевам дека Белгија и Германија нема погрешно да ве сватат дека за нив сметате дека се недемократски држави, а таму по Уставот нема референдум, па пак се демократски држави.

Можете да одговорите и како реплика и како контра реплика.

**Тито Петковски:** Прво, господине претседателе, да ви кажам нешто многу искрено, востановивте една пракса на секој пратеник, а мене не промашувате никогаш после мојата дискусија да правите коментар, мислам дека го кршите Деловникот. Ако имате намери да ми реплицирате, повелете излезете овде, за вас важи Деловникот колку и за мене за да бидеме рамноправни, вие сте само првиот меѓу еднаквите овде во Собранието.

А второ, не реков јас, напротив, наведов примери дека и земји кај кои воопшто не се применува референдумот како институција, се многу успешни земји. Не реков дека во земјите каде нема референдум во Уставот не е содржано, тоа се земји што немаат никаква перспектива. Јас наведов и земји во кои се инструментализира, крајно се злоупотребува институтот - референдум. Значи, тој по дефиниција не е демократски ако вие не му дадете демократска содржина со политички акцент.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине, добро, од сега ќе станувам да одам на говорница да ви дадам реплики.

Господине Томиќ имате збор.

**Зоран Томиќ:** Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Јас би тргнал од основното политичко право на граѓаните за нивното учество во образувањето на политичките институции дека ќе се остварува преку непосредни избори за избор на органите на власта, како и со учество во одлучувањето преку демократски облици на непосредната демократија при што секој граѓанин има право да учествува во вршењето на јавните функции.

Уставот на Република Македонија во основните одредби со кои се воспоставува уставното уредување и се утврдуваат темелните вредности на уставниот поредок го гарантира ваквото право на граѓаните. Власта во Република Македонија да ја остварува преку демократски избрани претставници по пат на референдум, како и по други облици на непосредно изјаснување.

Исто така, Уставот во нормативниот дел во пет члена делумно го уредува и референдумот и граѓанската иницијатива оставајќи при тоа простор со закон се доуредат и други познати и признати облици на непосредна демократија и начините на нивното остварување.

Во правниот систем на Република Македонија непосредно учество на граѓаните на Законодавен план е уредено со Закон за собирање на потписи на избирачи за предлагање за донесување на закон за распишување на референдум и за поднесување предлог за пристап кон измена на Уставот на Република Македонија донесен 1996 година како и со Законот за референдум и граѓанската иницијатива донесен 1998 година.

Според постојното решение во Законот за референдум и граѓанската инцијатива, референдумот може да се распише и во единиците на локалната самоуправа за прашања од локално значење и до надлежност на единиците на локална самоуправа, а неговото уредување е предвидено да се врши со Статутот на единиците на локалната самоуправа.

Сега би се префрлил на новиот Закон за локална самоуправа кој е донесен во јануари 2002 година кој посвети посебно значење на прашањата за непосредно учество на граѓаните во одлучувањето на единиците на локалната самоуправа набројувајќи ги облиците преку кои се остварува непосредната демократија. Новина е тоа што овој закон предвидува облиците на непосредно учество на граѓаните во одлучувањето на локално ниво да се остварува, помеѓу другите, преку граѓанската иницијатива, собир на граѓани и референдум на начин и постапка утврдени со закон.

Поаѓајќи од постојната законодавна регулатива за облиците на непосредната демократија, оценката за нејзиното прецизирање и овој предлог што е пред нас доставен од страна на Владата за вградување на законски решенија за уредување со закон на граѓанската иницијатива собирот на граѓани и референдумот како неотуѓиво и неприкосновено право на граѓаните за непосредно учество во одлучувањето на локално ниво, пристапи кон ново изготвување на нов законски текст со обединување на решенијата на постојните два закони од оваа област како и со исполнување на обврските од Законот за локална самоуправа, она што го потенцираше колешката Ристана Лалчевска.

На тој начин се обезбедува и се прави значаен придонес во надградбата на правниот систем, неговото усогласување со законодавната власт на земјите членки од ЕУ и од блиското соседство чии искуства сметам дека се искористени токму во оваа фаза. Кажаа повеќе колеги добро е што овој закон се носи во две фази.

Со Предлогот за донесување на закон за референдум и други облици на изјаснување на граѓаните најпрвин се врши терминолошко имплементирање на одредбата од членот 2, ставот 2, од Уставот на Република Македонија според кој граѓаните на Република Македонија власта ја остваруваат преку демократски избрани претставници по пат на референдум и други облици на непосредно изјаснување, со што се надминува постојната тесна формулација во називот на законот за референдум и граѓанска иницијатива.

Со посебни одредби се уредени прашањата за распишување на референдум, граѓанската иницијатива и собирот на граѓаните што се организираат во единиците на локалната самоуправа за прашања од нивна надлежност на локално ниво со што се создава законска рамка за овој вид на непосредна демократија која досега не беше уредена со закон. На тој начин ние пополнуваме една голема правна празнина која досега постоеше.

Она што посебно би сакал да потенцирам, за разлика од некои колеги, јас сметам дека овој закон во оваа фаза има и свои добри страни, се разбира дека има и работи или предлози кои во најмала рака би требало да се преиспитаат.

Собирот на граѓаните како форма на непосредно учество на граѓаните во вршењето на работи од локално значење се предвидува само на ниво на единиците на локална самоуправа од причина што собирот на граѓаните може да се организира

во тие средини и од значење за изјаснување на граѓаните во општините и во облиците на месната самоуправа како форма предвидена во Законот за локална самоуправа.

Она што посебно би сакал да потенцирам и неколку лични забелешки да ставам на законот се однесуваат на неколку работи.

Едната беше спомната од колегите, но навистина преструктуирање на законскиот текст од граѓанска иницијатива преку Собраниска процедура до референдум, мислам дека е добро да се направи во втората фаза од законот како едно преструктуирање на самиот законски текст и во таа насока мислам дека самиот закон би добил поголем квалитет.

Инаку, она прашање, не верувам дека во оваа собраниска сала овој закон не би бил поддржан, бидејќи сите по ред го поздравија она обединување во единствен закон, меѓутоа, два члена се најспорни, тоа е членот 28 став 3 и членот 40 став 2 од самиот закон.

Јас во таа насока дискутирав и на Законодавно-правната комисија, меѓутоа, дел од таквата дискусија би сакал и тука да ја пренесам. Ми се чини дека свесно од страна на некои мои колеги намерно се потенцира само ставот три од членот 28 без притоа да се имаат во предвид членовите 25, 26, 27 и 28. Знаеме дека референдум на државно ниво може да се распише за прашања што треба да се уредат со закон, тоа е така наречен претходен референдум или за преоценување на закон што претходно е донесен, тоа е дополнителен референдум. Тоа е убаво содржано и во овој Предлог на закон во членот 25. Меѓутоа, она за што никој не сака да каже и да дискутира што никој не дава забелешки на пример на членот 28 ставовите 1 и 2. Напротив, овде се потенцира само членот 28 став 3, притоа, повторувам, не слушнав ниту еден предлог на каков начин овој став на овој член на кој толку има забелешки или да се преуреди или веројатно во втора фаза, ако Владата сугерира или собере мислење што мислам дека е најконструктивно во овој момент да се исконсултира науката, да се искористи искуството на одредени земји и да се примени еден посоодветен текст на овој став, доколку навистина е она што дел од моите колеги го изнесоа тука.

Меѓутоа, јас веднаш ќе морам да кажам ако за членот 28 став 3, навистина постои дилема, за мене за членот 40 став 2 апсолутно не постои дилема. Нема да постои дилема затоа што истиот најпрвин ќе го прочитам, а потоа ќе го образложам: дополнителен референдум на локално ниво не може да се распише за прашања за кои Советот одлучува со мнозинство гласови од присутните членови на советот при што мора да има мнозинство гласови од присутните членови на Советот кои припаѓаат на заедници што не се мнозинско население во општината, Градот Скопје и општините на Градот Скопје.

Почитувани мои колеги, бидејќи станува збор за членот 40 кој се однесува на локално ниво за единиците на локалната самоуправа би било интересно, а мислам дека е во согласност, посебно потенцирам мојата дискусија се однесува на локално ниво, а за членот 28 став 3 многу убаво се произнесов, повторувам дека оваа одредба ја прифаќам во целост и истата треба да се примени затоа што пред се се однесува за комуналната сфера. Јас така го разбирам членот 40 ставот 2. Тоа е многу добро, бидејќи комуналните проблеми, водоснабдувањето и сите други прашања, повторувам, во една општина се од значење за сите ентитети кои живеат во таквата општина.

Од тие причини со сите овие забелешки се надевам на еден текст кој ќе дојде во втората фаза кој ние повторно ќе имаме прилика да го разгледаме и се надевам дека овие мои предлози и забелешки, Владата истите ќе ги стави, ако не повеќе, барем на сериозно разгледување.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Адеми, имате збор.

**Абдилаќим Адеми:** Благодарам господине претседател, почитуван заменик министер, почитувани колеги.

Сигурно дека референдумот е една од методите за изразување на граѓаните, многу референдуми се организирани во Република Македонија и овој начин на изразување на граѓаните никогаш не бил спорен, почнувајќи од референдумот за независноста на Република Македонија и последниот референдум кој се случи на локално ниво околу Законот за територијална организација и референдумот кој беше на државно ниво токму за истиот закон.

Затоа велам дека начинот и изразувањето на граѓаните преку референдуми во Република Македонија досега не недостигало. Меѓутоа, и со Законот кој се предлага од страна на Владата односно Министерството за правда, закон кој ни се предлага во две фази, ја поздравувам оваа иницијатива на Министерството за правда и ја поздравувам добрата волја на Министерството за правда за овој закон да оди во две фази каде ние како пратеници, но и поширокaта јавност ќе можеме да ги дадеме нашите забелешки со цел текстот на законот да се подобри и да биде прифатлив за сите.

Јас внимателно ги слушав сите говорници и би рекол дека со некои од нив воопшто не се согласувам, а со некои од нив делумно се согласувам во неколку аспекти.

Прво, сакам да нагласам дека околу прашањата за кои граѓаните можат да се изјаснат на референдум се утврдени и во одредбите од Уставот, меѓутоа, и во одредбите на Законот за локална самоуправа итн.

Кога се говори, бидејќи повеќе расправа имаше за членот 28 и членот 40, тука сакам да нагласам дека овие два члена се прифатливи со самиот факт што Уставот во своите одредби предвидува механизми за заштита од надгласување и во

Парламентот, меѓутоа, и во општинските совети. Затоа треба да се изнајдат механизми, треба да се изградат механизми со кои ова надгласување кое се обезбедува во Парламентот и во општинските, локалните совети, да се изгради и да се обезбеди и со други механизми и истото надгласување да не се случува и на референдуми и други работи. Доколку се случи, законот кој се донесува со двојно гласање во Парламентот и во општинските совети значи одлуките што се донесуваат со двојно одлучување да се организира референдум и за истиот да се изјаснат позитивно над 50% од граѓаните, Парламентот во тој момент можеби ќе биде принуден да ја почитува таа волја на граѓаните, додека со двојното гласање се разбира дека етничките заедници ќе го блокираат тоа и ние ќе навлезевме во еден вид виртуелен круг и целата ситуација уште повеќе ќе се усложнеше.

Затоа јас сум на мислење и потполно го подржувам предлогот на Министерството за правда преку градењето на овие заштитни механизми да се заштитите и во референдумите. Меѓутоа, бидејќи сум кај членот 28 сакам да нагласам дека овде во ставот 3 од членот 28 и ставот 2 од членот 40 каде се говори за дополнителниот референдум, мислам дека зборот дополнителен треба да се отстрани од овој став, од овој член, затоа што овде се говори само за одлуки и закони кои може да ги донесе Парламентот со двојно гласање и општинските совети исто така со двојно гласање затоа што не може да се организира референдум кој би бил дополнителен референдум. Јас мислам дека референдум ниту дополнителен, ниту претходен референдум треба да се организира за прашања кои се гласаат со Бадинтеровото правило, од причини што ги спомнав порано.

Има уште еден друг факт зошто дополнителниот референдум треба да се отстрани и да остане решението како претходен ниту дополнителен референдум затоа што со членот 8 став 2, се вели дека Одлуката донесена со референдум е обврзувачка за Парламентот. Повторно тука ќе го спомнам виртуелниот круг во кој можеме да навлеземе и никогаш да не излеземе од таму.

Мислам дека дискусиите на неколку пратеници кои беа кажани треба да го имаат предвид фактот дека овде не се говори само за централно ниво, туку се говори, како што спомна и претходниот колега и за локално ниво. Да не се мисли тука дека би спореле само за одлуките на Парламентот или референдум ќе можеше да се организира само одлуките на Парламентот, туку и за одлуките на локалната власт. Затоа на овој начин се заштитуваат и оние етнички заедници кои се малцинство и на локално ниво, а не само на централно ниво.

Јас би ве потсетил на еден случај кога општинскиот совет на општина Гостивар пред неколку дена донесе одлука каде турскиот јазик е службен јазик во општина Гостивар иако етничката заедница на турците во таа општина е 13%, што значи не преминува 20%. Затоа, добрата волја на советниците на општина Гостивар направила турците во таа општина да имаат свој службен јазик. Доколку сега има иницијатива во Гостивар да се организира референдум каде турскиот јазик би се избришал како службен јазик во таа општина, верувам дека ова би била одлука која не е добра и иницијатива која не е добра на граѓаните на општина Гостивар со која одлука би го принудила општинскиот совет на Гостивар таа одлука всушност да донесат спротивна одлука на таа одлука за службениот јазик во Гостивар да е турскиот. Има и друг случај што ние треба да ги имаме предвид затоа имплементирањето, практичното имплементирање на овој закон би донело проблеми доколку се регулираше на оној начин како што би сакале многу од претходните говорници.

Сигурно дека препораките на ЕУ за проценката што треба да се направи во ноември е дека Република Македонија треба да ги имплементира сите закони кои произлегуваат од Рамковниот договор и ние ова како обврска го имаме како Парламент. Доколку, а во тоа сум длабоко убеден дека ние ќе ги донесеме овие закони до тогаш, меѓутоа, доколку во меѓувреме излезат разни иницијативи кои би рекле дека овие закони треба да не се донесуваат на тој начин како што се предвидени во Охридскиот рамковен договор, тогаш ние сигурно би добиле негативна проценка од страна на ЕУ. Јас сум потполно согласен кога тука се спомнува референдумот и по другите места како што е Швајцарија, но овде треба да имаме предвид еден факт дека демократијата и општественото ниво во тие земји е многу поразвиено отколку овде во Македонија и на Балкан би рекол и разликите во менталитетите се многу големи и затоа не држат тие ставови дека таму се организираат референдуми за многу почувствителни прашања отколку овде затоа што повторно ќе кажам менталитетите се многу поразлични.

Уште еднаш јас на крајот би нагласил дека ние како парламентарна група ќе ја подржиме потребата за донесување на закон за референдум и други форми на изјаснување на граѓаните од причините што ги кажав. Убеден сум дека околу 90% од овој текст ќе помине и во втората фаза.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Слободан Чашуле.

**Слободан Чашуле:** Благодарам господине претседателе, почитуван господине министер, ценети колеги, земав збор затоа што ме инспирира невозможноста политички, но и логички да одговорам на две прашања.

Првото прашање е врзано со тајмингот. Зошто одненадеж што претпочита и немање на слух за едно вакво деликатно прашање да се сондираме, го ставаме овој закон на дневен ред во Собранието.

И второто прашање на кое не можам да му најдам политички одговор е, дали ние се плашиме од

референдумот. И ако забележувате ќе видите дека во едно навистина комплексно време како кај нас така и на континентот, особено во Европската унија, ние излегуваме пред јавноста со страв околу потребата да ја консолидираме нашата демократија, се плашиме од тоа дека граѓаните можеби нема да го следат правецот кој ние како законодавен дом го поставуваме. Ако е тоа така, јас сум сериозно загрижен.

Втората ситуација која ќе ја проблематизира нашата позиција дополнително ќе биде излевањето на секаква можна непријатна политичка енергија, бидејќи многу често покажуваме дека не знаеме да водиме политички дијалог, дозволуваме емоциите да не надвладеат. И околу расправата за мене витални прашања како што е тоа во случајот Уставот и дефиницијата на државата во него да водиме емотивна расправа во која ќе завлегуваме во области кои немаат ништо заедничко со она што треба да ни биде првенствена преокупација, а тоа се интересите на демократијата на нашата држава. Тие треба да бидат вечни, а емоциите треба да си ги чуваме онаму каде што можеме без законодавната одговорност да ги изразуваме и со нив да ја градиме и да ја уриваме сопствената позиција, идентитетот, знаењето, културата и т.н.

Третото прашање е, дали ние навистина со овој Предлог за донесување на закон, значи со овој потфат ја подобруваме демократијата во Република Македонија? Јас сочувствувам со предлагачите и изразените аргументи дека обликот на непосредно изјаснување бидејќи е таков, тој претпочита сеопшта политичка мобилизација на сите граѓани, треба со кодификација, значи со озаконување да биде полесен и попристапен, поизводлив и поисходен. И уште веднаш да кажам, јас не се согласувам со тоа дека има успешни и неуспешни референдуми. За мене неуспешен референдум е ако е лошо организиран. Има референдум со исход и тој исход за еден сегмент од граѓаните е успех, за другите не е. Според тоа, кога зборуваме, еве да ја земам Франција за исходот на референдумот таму, за оние што гласале против Уставот на Унијата, тој е успешен за тие што гласале за неуспешен, но во целост францускиот референдум беше за мене извонредно успешен, не дека му рече, не, на Европскиот Устав, не, бидејќи ја стави Франција во внатрешна политичка криза, туку дека едноставно во едно милје каде што врз граѓаните се излезе со сеопшта аргументација, тие останаа на својата позиција и таа позиција ја кажаа. Франција по објавувањето на референдумските резултати продолжи да живее онака како што живеела и дента пред да се гласа и си тера упорно по браздата што тие сметаат дека е нивна и дека е европска и никому ништо не му се случи. Тогаш, ако е така, зошто ние се плашиме од референдум. Па имавме и референдуми кои завршија со ваков, или онаков исход, но, морам да кажам дека сите до ред, барем што се однесува до она што го сметам јас за успех, беа успешни, се организираа во ред, немаше преголеми расправии и Република Македонија по изјаснувањето на сите нејзини граѓани продолжи да функционира. Некои гледаат во фактот што на неодамнешниот референдум се гласаше против иницијативата за укинување на законот, некои во тоа гледаат општествена зрелост на граѓаните, други гледаат пораз, трети гледаат притисок, но референдум имавме и денеска седиме овде и во мир и се надевам дека така ќе продолжи, разговараме за многу деликатни прашања, па еве и за ова сега кое се однесува на темелот на демократијата, а тоа се граѓаните и нивното право да не се согласуваат. Тоа е идеата на демократијата. А ова ние сега што го правиме е како да ја зацврстиме со градењето на таква процедура која тоа право на несогласување ќе го олесни. Мора, верувајте ми да исчекориме од тоталитарниот менталитет и мора, ако веќе градиме демократија да прифатиме, како што вели во Уставот дека граѓаните се носители на суверенитетот и дека се почнува од нив и се завршува кај нив. Ние сме само избраници на едно политички мотивирано малцинство, малцинство во однос на севкупниот број на граѓани кое не делегирало тука да ги вршиме работите. И сега доаѓам до она за мене навистина суштествено. Ако овие аргументи на власта се валидни, бидејќи не сум правник, но го гледам животот и како новинар, сметам дека, да, треба да се дотера и да се олесни правото за референдум. Но, зошто сега? И тука доаѓам повторно до она што најмногу од се ме загрижува, па добро луѓе, дали ние секогаш кога ќе се исплашиме од волјата на граѓаните ќе ги менуваме законите и ќе го ограничуваме нивното право да не се согласуваат со нас и притоа ќе си нанесеме дополнителна штета заради тоа што ќе се покажеме крајно несериозни во моментот кога сме под лупата на една извонредна демократска институција која имаше референдум, која беше против нејзиниот Устав, ние сега одиме на некакви дотерувања и ограничувања, бидејќи очигледно од нешто се плашиме. Па од што се плашиме, од кого? Од граѓаните? Се плашиме од тоа дека евентуално некој закон што ќе помине овде утре нема да биде по волјата на мнозинството граѓани во оваа држава, па тие ќе се определат да соберат макотрпно 150 илјади потписи, значи да поминат низ тој процес кој е самиот по себеси ограничувачки, па потоа да дојде таа иницијатива во Министерството за правда да се провери, што значи еден дополнителен филтер на нејзината исправност, конечно да дојде овде, па од овде да излезе и повторно граѓаните да се мотивираат и да излезат и конечно на референдумот да речат: да, или не на прашањето што ќе им се постави. Па што тука ве плаши? Ве плаши мајоризација. Да се разбереме, ова е сепак држава на македонскиот народ и со него рамноправните заедници кои освен ромската, имаат сопствени држави, значи не се било кои и не се било каде, а се договорија заедно со нас откако го променивме Уставот вградувајќи го во него Рамковниот договор дека

оваа е и нивна држава. Сега ако ние толку лоша политика водиме, а не треба да ја водиме и водејќи добра политика, особено на меѓуетнички план градиме такви односи, тогаш не треба да не плаши никогаш дека македонскиот народ ќе се откаже на каков и да е референдум од соживотот со албанците со кој овој простор под небото е единствн за нас, го делиме од памтивек. Јас нема да навлегувам во години, за мене е доволно што сме тука и што ќе останеме тука. Според тоа, немојте заради нашите дефекти да се доведуваме во ситуација демократијата да ја ограничуваме. Дајте да ги ограничиме дефектите што ги носиме со себе. Овде колегата пред малку убаво зборуваше, менталитетот, ама ние не смееме да се помириме со менталитетот. Ние треба да го менуваме менталитетот, а не законите да му ги подредуваме нему. Од овде како политичка елите онолку колку што сме елите и онолку колку што сме кадарни ќе треба да работиме на тоа работите во Македонија да одат по демократски и граѓански пат и да не се плашимем од крајниот суд на избирачите.

Сега доаѓам до она што мене како лаик во правото ме загрижува и сакам да го споделам со вас, а бидејќи ќе одиме во две фази, во втората фаза најверојатно стручната јавност, вие, од вас што знаете повеќе, Владата, Министерството, ќе ми дообјасни. Ние како граѓани на Република Македонија можеме да го смениме Уставот со референдумско изјаснување, ама закон донесен во ова Собрание, не можеме. Тоа е за мене апсурд. Извориштето на законите и на поредокот можеме да го промениме, ама законите што тој поредок ги создава за да ги дорегулира односите, не можеме.

Второ, ако Уставот не предвидел ограничување и ако преговорите по конфликтот од 2001 година тоа не го детектирале и не го кодифицирале, зошто го правиме тоа сега ние? Јас учествував на преговорите за Рамковниот договор додека тие се водеа во поширок состав на сите партии застапени во Собранието. И во ниту еден момент додека траеше таа општа и за мене многу исправна расправа не се спомна какво и да е ограничување на Уставот во однос на изјаснувањето на граѓаните преку овие непосредни облици. Колку што знам, а за мене постои само она што е објавено и што е ставено во Уставот, тоа не се случи ниту на потесниот круг на преговори во Охрид кога се договори Рамковниот договор со кој со заедничка волја на македонскиот народ и на најголемата заедница што со него рамноправно живее овде, се направи Устав кој треба да биде Устав на оваа наша заедничка држава. Според тоа, дали е превид или не, незнам, ќе кажат преговарачите, јас знам само дека во делот каде што учествувавме сите не беше превид, не беше ни поставено на маса, ниту пак стана збор за тоа. Затоа што мора во едно општество како што е нашето да има еден простор кој ќе биде ослободен, и со сета одговорност го кажувам ова од етничката манипулација, на која ние 15 години и робуваме, и на која конечно и поднесовме и жртви во конфликтот 2001 година.

Ако во расправата во втората фаза, не го смениме ограничувањето, кое се однесува на дополнителниот референдум за законите кои се изгласуваат со мнозинството на присутните пратеници и мнозинството на претставниците на етничките заедници, ние ќе го прекршиме Уставот, тој заедничкиот. Но не само тоа, ќе направиме, нешто што е за мене извориште на дополнителни дилеми, а во услови на недоверба како што се уште постојат, иако ние макотрпно се обидуваме да ја изградиме, тие недоразбирања, или дилеми можат да прераснат и во простор за антагонизирање. Ние ќе речам дека, ако ова го ставиме во законот без да го ревидираме, без да му најдеме некое решение. Не сум правник, за мене како аматер, како лаик најлесно е да го нема и да се зафатиме за другите работи за да видиме како граѓаните да можат полесно да си го остваруваат своето право. Но, ние ќе кодифицираме облик на политичко уредување кое нашиот Устав не го познава, го познава само кога се во прашање одредени сегменти. Вака ќе излезе дека на сите нивоа ние сме двонационална држава и на тој начин не само што го кршиме Уставот, не само што го менуваме карактерот на нашата држава, туку си правиме, за мене, вие не мора да се согласите со мене, јас така размислувам како пратеник од петтата изборна единица го имам правото да го кажам како свое мислење. Ние пред луѓето кои во овој момент не набљудуваат не само да ни ги видат перформансите во кои ние сме доста добри, не само да ни ја видат политичката волја да влеземе во Европската унија, туку да ни ја видат моќта да бидеме одговорни и сопственици на нашите решенија и да видат колку сме зрели, ние на нив ќе им покажеме дека не сме мултикултурна држава, дека се откажуваме низ еден закон на една мала врата од основната дефиниција на Република Македонија, а тоа е да биде заедница на повеќе култури. И ако некому воопшто тоа му е потребно како објаснување, јас сериозно се сомневам дека ние можеме да постоиме како единствена, мене зборот унитарна држава заради конотациите со други времиња не ми одговара како единствена држава во која како граѓани нема да се разликуваме, а како припадници на други заедници ќе се почитуваме. Ако ние почитта што треба да ја градиме овде, ја градиме со принуда, ја градиме со ограничување, ја градиме со страв, тогаш нешто сериозно и недостасува на оваа држава, Јас не мислам дека е така и не се сомневам дека граѓаните се созреани за три години ќе направиме и човечко полнолетство 18 години како држава. Мислам дека достигнавме едно ниво на зрелост во кое не треба да се плашиме од тоа граѓаните да не стаааат како Собрание со собрани 150 илјади потписи во ситуација да решаваме за тоа да има каков и да е референдум. Ако од овде излеземе со за мене два заклучока, едниот е да ја консолидираме и до крај да ја прошириме демократијата. И другиот, со

политичка волја да работиме против тој менталитет, многу поголема работа ќе завршиме отколку со овој несреќен дел на тој член на законот. Заради тоа што убеден сум дека тешко ќе може која и да е политичка елита во оваа држава да ги мобилизира граѓаните на Република Македонија, станува збор за милиони граѓани околу една ретроградна идеа, особено ретроградна идеа која би значела делба на државата, или поништување на елементарните човекови и универзалните права.

Зошто мислам дека во овој момент дополнително не ни треба ова. Ние имаме изборен систем, а мислам дека е крајно време да го менуваме, кој го кодифицира Парламентот според науката, јас читам и кажувам тоа што сум го прочитал, како идеолошки пратениците овде се израз на партиските листи кои се составени од луѓе кои се идентификувале со една идеологија изразена во програмата и на тоа отишле на избори и ги добиле изборите. И сега ако погледнеме како функционира тој наш политички систем, ќе видиме дека пратениците за разлика од првото свикување на Собранието до ова ја немаат онаа најнепосредна дирекна одговорност пред тие што ги избрале, туку измеѓу нив, значи измеѓу оние што според Уставот не избираат и кои се носители на суверенитетот и нас, стои листата како договор на една политичка партија да го побара гласот врз основа на тие луѓе и на таа програма.

И сега ако видите дека ние многу често наместо јавно, еве во овој случај ни недостасуваше таква една претходна акција во Парламентот да се чуеме, да се допрашаме, ако видиме дека повеќето работи ги решаваме на ниво на врв, а така го скроивме и Рамковниот договор против кој, бидејќи е дел од овој Устав, а јас се заколнав дека ќе го спроведувам овој Устав. Немам во моментов ништо, ќе видиме дека политичките елити, значи ние сме малцинство во однос на севкупниот број на граѓани и нивните интереси, па можете да замислите лидерството на нашите партии колку во таа пирамида се подалеку од граѓанинот.

Сега, ако ние, решавајќи ги овие прашања, во многу случаи, повторно не сакам да ги набројувам, затоа што најмалку ми е да иритирам и уште помалку ми е да навлегувам во деликатните меѓуетнички води. Јас овде излегувам само во мое пледоае да размислиме, пред да го начнеме Уставот уште еднаш. Ако видиме дека на највисоко партиско ниво се договараат крупните прашања и ако тие прашања не можат да бидат изложени на референдум, на најдемократскиот, најширокиот, јас друг не познавам облик на допрашување, каков поредок имаме ние. Еве ќе се дрзнам не верувам дека е докрај така, но ми изгледа на некоја метафора. Ние имаме поредок на четири диктатури кои се во постојан натпревар околу власта и за да функционира државата повремено седнуваат, се договараат и згора на тоа носат закон, со кој го ограничуваат прашањето на граѓаните, да им речат не може така, па макар и грешеле граѓаните. Знаете што, во духот на законот и Монтеские рекол дека народот е најлошиот управувач. Но рекол дека и просветлениот деспот е најдобар, ама јас не гледам ниту просветлени, а уште помалку сакам да бидам тој што ќе ја мери просветленоста, а уште помалку сакам да бидат деспот. Затоа светот од него до денес се определил за демократијата во која функционира. Тој е неверојатно комплексен сплет на механизми, на контроли, на урамнотежувања, кои се далеку од тоа да бидат идеални, бидејќи ни човекот не е идеален. Единствениот реален меѓу нас го распнавме на крст пред две илјади години.

Според тоа, полни сме со недостатоци, со дилеми, со недоумици. Па таков ни е и поредокот, ама друг поефикасен од тој не познава. Поефикасен во смисла на чување на слободата, на правата на граѓанинот и право на идентитет. Живеев триесетина години во континент, каде што државите функционираа правно извонредно. Со декрети на владеачките хунти, па беа несреќа за нивните народи, па денеска и тие градат демократија како и ние. Затоа, пред да скокнеме во оваа река, дајте да видиме дали можеме да направиме мост и референдумот да го кодифицираме како витален и неопходен инструмент на македонската демократија, корекција на идеолошкиот парламент и корекција на нашите замисли. Корекциите не мора да бидат добри, како што ни нашите замисли и решенија не мораат да бидат добри. И на крајот, Французите и Холанѓаните гласаа против Уставот на Европската унија, па Европската унија не излезе со иницијатива да им се ограничи правото на референдум, да кажат уште еднаш два пати, или три пати не, а ова не е прв пат граѓаните по однос на овие и на домашните прашања да речат не. Точно е дека има ризици, но за мене, ризикот во слободата е далеку поисплатлив и последиците на тој ризик и на слободата полесно се менаџираат, отколку последиците на ограничувањата. Во тој поглед, јас сум за тоа и покрај тоа што сметам дека го згрешивме тајмингот да се дотера правото за референдум да биде израз на врз на слобода и демократија во оваа држава, но не сум во него да се вградуваат дефиниции, кои се спротивни на Уставот, кои го менуваат карактерот на нашата мултикултурна држава и кои се подложни на отварање на крупни проблеми, кои можат да имаат несогледливи разврски.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Џелили имате реплика.

**Зиди Џелили:** Господине претседател ти благодарам.

Почитуван колега пратеник, уште од почетокот првата ваша реченица беше хедикепот околу донесувањето на овој закон во овој Парламент и поставувам едно прашање. Зошто оваа точка е на дневен ред денеска? Јас сакам да му сугерирам дали можеби овој закон кој ги воспоставува

правилата на играта, така наречен референдум е пречка за уредување на многу стандарди со кои би требало да се организира еден референдум, поаѓајќи од фактот дека имаме горко искуство од организирањето на референдуми, кога Буџетот на државата е видливо оштетен и под два, мене што повеќе ме загрижува, е на пример дали членот 28 став 3, каде се добро дефинирани, јас би сакал уште еднаш почитуваниот колега да го прочита овој став и дали оваа уставна обврска не важи за почитуваниот господин пратеник, во прв ред како пратеник, но и како граѓанин. Би било добро уште еднаш да се произнесе Бадинтеровото мнозинство дали важи за него како пратеник и како граѓанин. И ако важи, тогаш ќе му биде јасно и нему, и на мнозинството претходни дискутанти, зошто е значајно донесувањето на овој закон за референдум.

Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Чашуле.

**Слободан Чашуле:** Да, и јас се прашувам зошто сега? Инаку, за мене Бадинтеровото гласање не е воопшто спорно. Зошто тогаш го оспоруваме со неговото дополнително кодифицирање во референдум. Јас навистина, сметам дека треба да се има доверба во граѓаните и ако кога ќе им го дадеме правото на референдум сме убедливи, тогаш не треба да се плашиме дека Бадинтеровото мнозинство ќе биде загрозено. Но може да биде загрозена политичката волја и договорот на елитата, затоа што јас се сомневам дека сите граѓани и Македонци и Албанци стојат секогаш зад нашите решенија.

**Љупчо Јордановски:** Господине Јашари имате вие три минути реплика?

**Аднан Јашари:** Ви благодарам господине претседател. На почетокот господине Чашуле имам желба оваа моја реплика да не ја разберете тенденциозно, туку како информација затоа што така како што и самите се изјаснивте дека не сте - станува збор за едно прашање што вие го нагласивте и вчера, меѓутоа и денес беше нагласено од многу пратеници и беше кажано дека ова прашање се сака да се надоврзе на суверенитетот итн. Повеќе од вистина е дека вие, но и некои други пратеници, го цитирате членот 2 став 2 од Уставот на Република Македонија каде што јасно се кажува кој го носи и врз кого паѓа суверенитетот во Република Македонија. Сепак, заборавате да го читате членот 2, алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, во која исто така јасно се зборува како се реализира сувереноста.

Ве информирам дека во оваа алинеја, меѓу другото, се вели вака - отворете го Уставот, ќе видите дека така пишува - дека оваа сувереност која паѓа врз граѓаните се реализира во три форми. Првата форма е преку претставниците, значи изгласани на најдемократски начин и тоа сме ние, втората форма е преку референдум и третата форма е преку други начини на изјаснување.

Затоа, поставувам прашање која била тенденцијата на изготвувачите на Уставот и посебно на оваа алинеја во која во прв ред како основен начин е ставен начинот на реализирање на сувереноста преку сопствените претставници. Не случајно е вака господине Чашуле.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Една минута господине Чашуле.

**Слободан Чашуле:** Точно, се согласувам со вас. Како ефикасен начин на остварување на суверенитетот се изборите и демократијата и како коректив се изборите, но и референдумот. Јас не гледам контрадикција, ниту гледам дека пратениците можат да бидат над волјата на граѓаните изразена на референдум. Тоа Уставот јасно го вели. Ако граѓаните се изјаснат како што ќе се изјаснат на референдумот, овој Парламент тоа така мора да го прифати. Тука веќе нема каде да се бара друг законодавен лек. Инаку членот 28 е сосема јасен. Јас повторно ќе кажам јас не се плашам од нашите граѓани и нивната зрелост да не паднат во стапицата на манипулирани меѓуетнички односи.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Рафис Алити, вашите три минути.

**Рафис Алити:** Благодарам господине претседател. За цело време еден дел од колегите го оспоруваат, или говорат за да го оспорат овој закон понуден од страна на Владата со единствен мотив како што се гледа, оспорувајќи го членот 28 став 3. Но секој од нас, треба да направиме една анализа зошто токму законодавецот се определил дел на овој закон да биде и членот 28 став 3. Сигурно дека и господинот Слободан Чашуле и на другите им е познато дека неколку пати во Република Македонија се организирани референдуми. Вие сигурно знаете дека и Албанците организираа еден референдум врз етнички основи, многу поодамна. Исто така врз етнички основи се организира и друг референдум по донесувањето на Законот за територијална организација и референдумот кој беше за осамостојувањето на Република Македонија. Така што, мислам дека членот 28 став 3 не случајно е дел на овој закон, за да ги штити граѓаните од политичарите кои манипулираат, или го лажат населението, покачувајќи етнички напнатости. Мислам дека е добро што законодавецот е определен за овој член, значи и во иднина да не може да се организираат референдуми мајоризирајќи еден етникум или друг. Ова е филозофијата на овој член и уште еднаш ќе нагласам за да се штитат граѓаните од политичарите кои врз етнички основи се трудат да манипулираат со граѓаните. Мислам дека со овој член сите ние ќе се освестиме дека во иднина не е добро да се манипулира токму со законите кои ги покачуваат напнатостите во Република Македонија.

Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Чашуле.

**Слободан Чашуле:** Јас господине колега го прашав заменикот министер на Комисијата за политички систем и Законодавно-правна, бев и на двете, да ми објасни зошто но не ми одговори. Дури ми се рече процедурално дека почнуваме материјална расправа и нема што да се објаснува. И така е, и нека биде. Ама од говорницата истите прашања ги поставив. Зошто?

Друго нешто, јас се согласувам дека сега треба да престанеме да манипулираме, па овој дел, оваа алинеја на тој несреќен член 28 е ако сакате и манипулација и предизвик за манипулација. Јас повторно ќе ви кажам. Референдумот за територијална поделба не успеа, затоа што на него не учествуваа граѓаните од етничко албанско потекло. Затоа, тоа е доволна брана и доволна гаранција за слободата и демократијата во оваа држава.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Голомеов, имате збор.

**Благој Голомеов:** Благодарам господине претседателе.

Референдумот како непосредна можност за изјаснување на граѓаните на Република Македонија, морам да кажам дека воглавно законот е од технички карактер. Тоа неспорно сите го констатираме. Меѓутоа, тоа што веднаш боде очи е токму членот 28 став 3, најмногу, иако малку се заборава на член 40 став 2, кој е во истата функција, кој, мора да признаеме на одреден начин го стеснува просторот за правото за исјаснување на граѓаните по одредени прашања, односно одредени законски решенија, кои овој Законодавен дом ги донесува.

Најнапред би сакал да кажам дека во однос на потребата за донесување на овој закон е повеќе од потребно и тука мислам дека нема обични мислења, од мај 1998 година до денес се случија многу промени во Република Македонија дури уште повеќе ги променивме одредени делови од Уставот на Република Македонија, така да општо е мислењето дека ни е потребен нов закон за референдумско изјаснување.

Сега се поставува прашањето дали овој закон со член 28 став 3 и со член 40 став 2 е против уставен, дали има елементи на против уставност, дали е антидемократски итн.

Јас мислам дека правото на овие членови или она што суштински тие треба да го постигнат се црпи од член 69 од Уставот на Република Македонија, каде што Амандманот X е преточен од тој член 69, а тука непосредно е и Амандманот XII кој исто така е во член 78 од Уставот преточен, со кој јасно се детерминира дека во Собранието не можат да се донесуваат закони кои се однесуваат на сите граѓани на Република Македонија, кои ги засегаат интересите на сите етнички заедници со класичен начин на гласање, со класично мнозинство, туку со Бадинтеровиот начин на гласање, каде што се бара и мнозинство од заедниците.

Со самиот тој член, пред мене се поставува прашањето дали ние можеме да се декларираме како права граѓанска држава, како право граѓанско општество, дали може да се декларираме како класично демократско општество, ако знаеме дека под дефиниција демократија значи владеење на мнозинството, или имаме, јас би рекол, еден вид на консензуална демократија. Тоа е факт, тоа е реалност во која живееме денес во Република Македонија. Токму овие два члена претендираат таа реалност да ја апсорбираат, односно да ја преточат во закон. Не е само членот 28 став 3 кој се однесува за референдум на републичко ниво, каде што јасно е кој е мнозинство во Република Македонија.

Меѓутоа, јас морам да кажам дека членот 40 став 2 решава прашања кои се од локален интерес, а во Република Македонија имаме локални самоуправи, или општини во кои мнозинство се повеќе етнички заедници: албанската, турската, бошњачката итн.

Законот за локална самоуправа регулира прашања и материја која е од исклучително животно значење за сите жители на тие заедници. Пред мене се поставува прашањето дали ако не го детерминираме вака изјаснувањето, можното референдумско изјаснување, нема да отвориме простор за одредени надгласувања по национална и етничка линија и на одредени заедници, припадниците на одредени заедници, одредени граѓани да ги доведеме во ситуација да не можат да ги решаваат своите есенцијални потреби во рамките на локалната самоуправа.

Исто така, сметам и би бил среќен ако можеме чувствата и емоциите да ги оставиме на страна, како што рече и господинот Чашуле и да разговараме секогаш со силата на аргументите и на фактите, меѓутоа, реалноста дека и во овој Парламент за секој закон кој се однесува на сите граѓани на Република Македонија, односно ги тангира заедниците во Република Македонија, ние повеќе разговараме со емоции и чувства отколку со аргументи и факти, односно секогаш еднострано се обидуваме или гледајќи го пред се личниот, теснопартискиот интерес да ги претставуваме работите и на тој начин создаваме една општа конфузија кај електоратот и граѓаните на Република Македонија. Јас би бил среќен да сме ние Швајцарија, да имаме такво ниво на меѓучовечки, меѓунационални и меѓуетнички односи, да имаме таков стандард и во тој случај не би ни требал закон за референдум или тој би бил многу краток дека за се може да се оди на референдум, за било кое прашање или за било кој закон. Меѓутоа, реалноста во Република Македонија не е таква, ние мораме да признаеме дека сеуште имаме креви меѓунационални односи, сеуште имаме работи кои до крај не сме ги дефинирале, сеуште различно гледаме на работите, односно различно се однесуваме кон тој документ што претставува Рамковен договор,

па така имаме ситуација и потписниците на тој документ веќе да дигаат раце од тој потпис. Едноставно несериозно се однесуваме. Имајќи ги предвид обврските кои ги има Република Македонија во нејзиното чекорење кон Европа и Европската унија, имајќи ги предвид задачите кои Меѓународната заедница очекува ние да ги апсолвираме, да ги решиме, да ги расчистиме во Република Македонија, мислам дека овој Предлог за донесување на закон има тенденција токму таа реалност во Република Македонија да ја отслика и да ја преточи во еден законски проект. Инаку, за мене се поставува прашањето дали забраната да се распишува референдум за Буџетот, за давачките, за даноците претставува намалување, атак на демократијата, дали тоа претставува стеснување на просторот за демократско изјаснување на граѓаните. Мислам дека тоа се општо прифатливи решенија од сите земји што имаат воведено референдум, бидејќи на тој начин само може да функционира едно општество, една држава. Тоа претставува реалност во функционирањето на државите.

Исто така, овие два члена, члноет 28 став 3 и членот 40 став 2 фактички имаат тенденција да ја отсликаат реалноста која владее во Република Македонија и мислам дека законодавецот, иако сум за тоа дека треба уште малку да се подразмисли и да се изнајде некоја формулација која максимално ќе го скрати тој простор за кој граѓаните не би требало да се изјаснуваат на референдум, сметам дека во овие решенија вака поставени начелно во Предлогот за донесување на закон за референдум имаат упориште токму во членовите од Уставот што ги спомнав, членот 69 и членот 78. Се на се, сметам дека има потреба од донесување на овој закон и како таков јас ќе го поддржам.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Голомеов.

Има збор пратеникот Бонева Силвана.

Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Ќе се обидам накратко и јас да го искажам ставот на нашата пратеничка група а и сопствениот став во однос на законот кој што навистина побуди огромно внимание и загриженост кај јавноста. Сметам дека воопшто ништо нема спорно во тоа што законодавецот и предлагачот прави обид досегашните два закони кои ја регулираа областа на референдумот и непосредното изјаснување на граѓаните да ги стави во еден закон, се со цел да биде полесно за употреба и да биде попрегледна оваа материја. Тоа е навистина добро.

Она на што треба во наредната фаза да поработи предлагачот, тоа е да го направи многу посистематизиран текстот, да нема конфузности во некои одредби, терминолошки да направи усогласување и посебно во повеќе членови каде што се провлекува, покрај општините во Република Македонија, се спомнува повторно и се ставаат општините на Градот Скопје, биејќи под општини во Република Македонија се подразбираат и општините во Градот Скопје. Тоа беше кажано од повеќе колеги и верувам дека во наредната фаза ќе биде направено тоа.

Би почнала од основните начела врз ки се заснова овој закон. Првото начело што е дадено е дека законот се заснова на демократичност на постапките за остварување на власта на граѓаните. Меѓутоа, во моето натамошно излагање сакам да укажам за каква демократичност зборува предлагачот, кога ќе ги земеме предвид решенијата што се дадени во овој закон.

Пред да почнам со образлагањето по членовите на овој закон, и јас ќе го спомнам членот 2 став 2 од Уставот на Република Македонија, кој што многу пати досега беше елабориран од повеќе пратеници, гледан од различни аспекти, и внатре декларираното право дека власта граѓаните на Република Македонија ја остваруваат преку неговите претставници, избрани на демократски начин, значи демократски избрани претставници, преку референдум и други облици на непосредно одлучување. Што значи првото? Дека граѓаните ја остваруваат власта преку нас, нивните избрнаици. Ние пратениците во Собранието на Република Македонија треба да ги претставуваме интересите на граѓаните, да работиме за доброто на граѓаните на Република Македонија, да носиме закони кои ќе бидат по мерка на мноштвото граѓани на Република Македонија. Меѓутоа, никој, почитувани дами и господа, не ни го дал правото ние народните избраници да бидеме узурпатори на правото на граѓаните на непосредно остварување на власта. Со овој закон и со зголемувањето на забраните за референдум се прави токму тоа, се суспендира непосредната демократија, правото на граѓаните на непосреден начин да ја остваруваат власта.

Почитувани дами и господа, јас мислам дека ние кога одлучуваме во овој Парламент не значи дека секогаш ги изнаоѓаме најдобрите решенија, без оглед на тоа дали законите ги носиме со мнозинство гласови од етничките заедници или пак со просто мнозинство на гласови, меѓутоа, да го ограничиме правото на граѓаните тие да кажат, односно да преоценат дали некој закон што сме го донеле овде во Собранието на Република Македонија е добар или не, навистина за мене е злосторство врз демократијата, бидејќи не може ние да претпоставуваме над граѓаните и над нивната волја. Ако граѓаните на Република Македонија соберат 150 илјади потписи и со тоа кажат дека има потреба да се изјаснат за некој закон, без оглед дали е донесен со мнозинство гласови од етничките заедници, односно со Бадинтерово мнозинство или не, тие тоа право го имаат бидејќи Уставот им го дава тоа право и не смее тоа право да им биде ограничено.

Со членот 28 став 3 буквално се проширува забраната на огромен број закони кои ги носиме

овде во Собранието на Република Македонија со Бадинтерово мнозинство, закони од областа на образованието, на културата, од областа на судството, симболите - значи огромен број на закони за кои веќе граѓаните на Република Македонија според овој Предлог за донесување на закон немаат право да одлучуваат дали се добри или не. Значи нема право на преоценка на ваквите донесени закони.

Морам да потсетам дека досега во Собранието на Република Македонија беа донесени голем број на закони со Бадинтерово мнозинство, за кои граѓаните на Република Македонија не покренаа иницијатива за собирање на потписи, ниту пак спроведоа референдум, со исклучок на Законот за територијална организација. Сметам дека граѓаните до сега покажаа дека умеат да ја практикуваат демократијата, без да имаат тенденција да ги ограничуваат правата на етничките заедници. А изговорот за носење едно вакво решение е дека со вакво решение се штитат етничките заедници од доминација на мнозинскиот народ. Но да потсетам дека тоа право тие го имаат токму со Бадинтеровото мнозинство и во сите случаи за кои со Устав е уврдено тоа, законите се носат со Бадинтерово мнозинство и овде на овој начин тие ги остваруваат своите права. Меѓутоа, каде е тука правото на мнозинскиот народ, доколку остане ваквото законско решение. Значи мнозинскиот народ е тој на кој што му се одзема правото да го каже своето мислење и со тоа морам да напомнам дека со исклучувањето референдум за сите овие закони мнозинската етничка заедница станува заложник на малцинските етнички заедници.

Според тоа, овој закон во два члена гоп одзема сувереното право на граѓаните на непосредно изјаснување, а тоа е членот 28 став 3, меѓутоа и членот 40 став 2, кој исто така зборува дека дополнителен референдум и на локално ниво не може да се расише за прашањата за кои советот одлучува со мнозинство гласови од присутните членови на советот, при што мора да има мнозинство гласови од присутните членови на советот кои припаѓаат на заедниците што не се мнозинско население во општината. Значи сите одлуки кои се носат со Бадинтерово мнозинство и на ниво на локална самоуправа не смеат да бидат ставени на преоценка на граѓаните и да се види дали тие се прифатливи за мнозинството граѓани во општината или не.

Што се постигнува со ваквото решение и колку законодавецот мислел и за уставноста на овие одредби и за спротивставеноста со другите закони кои ги имаме во моментот во Република Македонија. Ќе го споменам најпрвин Законот за локална самоуправа кој е донесен во јануари 2002 година и тогаш е објавен во Служben весник, кој што исто така е усогласен со измените на Уставот на Република Македонија и со амандманот 17 кој произлезе од Рамковниот договор. Токму заради тоа правевме нов закон за локална самоуправа кој што ќе ги содржи новите измени кои произлегоа од Рамковниот договор. Најпрво, амандманот 17 зборува дека во единиците на локалната самоуправа граѓаните непосредно и преку претставници учествуваат во одлучувањето за прашање од локално значење, а особено од областите - и се наведени огромен број области, меѓу кои се и културата, и образованието и многу други области за кои се одлучува со Бадинтерово мнозинство. Значи, уште на самиот почеток член 40 став 2 е во противречност со амандман 17 од Уставот на Република Македонија, врз основа пак на кој што се изработени одредбите на Законот за локална самоуправа кој што во моментот е во важност во Република Македонија.

Во Законот за локална самоуправа единствена забрана која што е ставена во членот 26 забрана за референдум, за што граѓаните не можат да одлучуваат на референдум, тоа се: граѓанска иницијатива во став 2 дека не може да се поднесе за кадровски и финансиски прашања, и ништо повеќе. Значи никаков долг список кој што сега ни се предлага со членот 40 став 2 за одземање на правото на граѓаните на референдум да одлучуваат за сите прашања кои се од нивен интерес. Понатаму, членот 28 зборува за референдумот, каде што се кажува дека граѓаните преку референдум може да одлучуваат за прашањата од надлежност на општината, како и за други прашања од локално значење. Никаде и во овој член не стои дека имаат ограничување граѓаните за прашањата за кои треба да одлучуваат. Значи, оваа одредба која е дадена со членот 40 став 2 не е во согласност ниту со Уставот на Република Македонија и амандманот 17, ниту пак со Законот за локална самоуправа. Навистина кога ги гледам овие нешта, се прашувам која била целта на законодавецот да поднесе едно вакво решение. На седницата на Комисијата за политички систем барав одговор што е причината на ваков начин да се ограничат правата на раѓаните на непосредно изјаснување, меѓутоа, не добивме валиден одговор и навистина сеуште не гледам аргументи на што се засноваат ваквите одредби и на членот 28 став 3 и на членот 40 став 2 од предложениот закон. Посебно нелогично е почитувани дами и господа, ако знаеме дека граѓаните на Република Македонија можат да поведат граѓанска иницијатива за промена на Уставот на Република Македонија, значи може да поведат граѓанска иницијатива и да одлучуваат за Уставот на државата, кој што е основен акт од кој произлегуваат сите закони во државата, а не смеат да одлучуваат за некои закони кои произлегуваат од Уставот на Република Македонија. Навистина огромни нелогичности.

Сметам дека не се потребни вакви решенија, бидејќи се суспендира непосредната демократија и не треба на ваков начин да се вели дека се прави заштита на правата на малцинските заедници. Овој закон, почитувани дами и господа, повторно ќе нагласам, е противуставен,

недемократски, не е во духот на граѓанското општество кон кое се стремиме и прави доминација со ваквите решенија на малцинските етнички заедници над мнозинскиот народ. Токму заради тоа бараме и членот 40 став 2 да биде избришан од законот и членот 28 став 3 да биде избришан од законот. Ваквиот закон не го поддржуваме.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Бонева.

Реплика за господинот Адеми Абдилаќи.

Повелете господине Адеми.

**Абдилаќим Адеми:** Благодарам господине потпретседател.

сакам да реплицирам и тоа на два или три дела од дискусијата на господинот говорник. Во една своја реченица вели дека не може да им се оспори правото на граѓаните да го изразат своето мислење за разни одлуки кои се донесуваат во Парламентот и во советите на општините, со што потполно се согласувам.

Меѓутоа, што се однесува до прашањата кои се донесуваат со Бадентеровото правило или тие правила кои произлегуваат од Охридскиот рамковен договор, мислам дека граѓаните на Република Македонија без оглед на нивната етничка припадност го кажале своето мислење преку нивните претставници кои го потпишале Охридскиот договор во тоа време. Доколку уште еднаш се навратиме на тоа што ќе кажат граѓаните преку нивните претставници за Охридскиот договор, мислам дека тоа е многу опасен чекор. Мислам дека се бесполезни референдумите кои се прават за прашања за кои се гласа со Бадентеровото правило или кои произлегуваат од Охридскиот договор. Зошто? Затоа што и доколку се донесе закон или одлука и да се организира референдум на републичко ниво и повторно законот да се врати во Парламентот, повторно истиот закон треба да се гласа со Бадентерово правило што значи повторно треба да се почитува волјата на сите етнички заедници. Затоа и во мојот говор спомнав дека ние на тој начин се ставаме во еден виртуелен круг кој е опасен. Уставноста на законот секако дека во Уставот постојат механизми за заштита од надгласување, затоа механизимите за заштита од надгласување треба да се изградат и во законот за референдум. Се е во ред со уставноста. Верувам дека тука ќе се постави друг проблем или прашање дали сме за имплементирање на Охридскиот договор или не. Верувам дека сите треба да се согласиме дека имплементирањето на Охридскиот договор е услов за Република Македонија најмалку овој став би требало да го имаат потписниците на Охридскиот договор како што е госпоѓата пратеник Бонева или нејзината партија ВМРО-ДПМНЕ која го потпишала Охридскиот договор во 2001 година.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Адеми.

Една минута контра реплика за госпоѓата Бонева.

**Силвана Бонева:** Почитуван колега токму заради тоа што ВМРО-ДПМНЕ како потписник на Рамковниот договор огромен број пати до сега има кажано дека го почитува Рамковниот договор и токму заради тоа упатува на амандманот 17 кој е произлезен од Рамковниот договор кој направи измена на Уставот на Република Македонија и кој што зборува дека граѓаните имаат право на непосреден начин преку референдум да се изјаснуваат за огромен број на прашања кои сега се ограничуваат со ваквото законско решение. Не велиме дека не треба да се почитува волјата на граѓаните, меѓутоа, со референдум не се ускратува волјата на граѓаните и на етничките заедници. Доколку им беше дозволено слободно да се искажуваат граѓаните и на референдумот за територијална организација и граѓаните од Џепчиште и Шемшево ќе гласаа за територијалната организација.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Бонева.

Има збор пратеникот Александар Флоровски.

**Александар Флоровски:** Почитувани пратеници

Од каде да се почне, каде да се заврши, како да ја вртиме работава, има нешто труло во земјава Македонска, за жал, од 1990 година наваму, претпоставувам дека во тој правец ќе се движат работите и во догледно време. Колку сме моќни тука нешто да направиме и како пратеници и како луѓе е знак на прашање, имајќи во предвид се што се нуди во овој Парламент се нуди како придобивка на старите европски демократии и немајќи други аргументи секогаш се повикуваме на Европа, што во случајот ни се случува со овој закон кој денеска го разгледуваме, законот за референдум кој ќе оди во две или три фази, не знам, но факт е дека е избрано погрешно време, терминот е лош, повикувајќи се на она што претходно го говореа одредени пратеници дека состојбата сеуште е кревка, овој закон долива бензин на оганот, народно кажано, но ова е домот каде можеме да расправаме отворено за многу прашања, впрочем и за ова прашање, да расчистиме некои дилеми кои постојат кај нас и во нашите глави, кои постојат и кај голем дел од граѓаните, посебно кај Македонскиот народ кој, за жал, морам ова јавно да го кажам по многу прашања многу инертен, за разлика од Албанците кои имаат сопствена цел и се стремат кон таа цел како една позитивна работа која како придобивка.Ние Македонците треба да научиме не само од Албанците, туку од сите народи кои не опкружуваат и Бугарите и Србите и Грците, за жал, може и нашиот генетски код е таков ни треба време да го измениме тоа за да сватиме дека градењето на државата и опстојот на државата е елемент број еден и за опстојот на Македонскиот народ во сопствената матична држава.

Доколку тоа не го сватиме ќе биде лошо по нас, ќе доживееме втор и трет егзодус во нашата историја. Првиот после балканските војни, вториот со размена на населението меѓу Грција и Бугарија, третиот по 1948-та, Граѓанската војна во Грција и се прашувам дали сме од бога проколнати и предодредени да доживуваме циклично егзодуси во нашата историја при тоа гледајќи сеир дека нам тоа никогаш повеќе не може да ни се случи. Но, историјата не подучи дека, за жал, секогаш нам нешто ни се случува на наша штета, затоа говорев и за инертноста на овој народ поучен од искуството и на последниот референдум за територијална поделба каде Македонците не излегоа во доволен број. Тука не можеме никого да обвинуваме, проблемот мора да го бараме во самите себе и во актуелната Влада која вршеше класична анти пропаганда на референдумот за територијална поделба.

Наравоучение од сето ова само по себе може да се извлече дека работите мора сами да ги решаваме, а не да бараме и чекаме туѓа помош од комшиските држави или некој ќе ја заврши работата наместо нас. Ако сами не ги засукаме ракавите и решаваме за сопствената држава, не очекувајте дека некој друг ќе ви помогне. Може да ви помогне доколку има интерес затоа што во политиката нема пријателство, туку постојат вечни интереси.

Што да говорам за самиот закон. Многу работи се спомнати овде, можеби некои ќе ги повторам, затоа што тие се тие каменот на сопнување околу кои спориме и околу кои треба да расправаме и да најдеме модус вивенди или решенија господа од Владата дали ме слушате, не ме слушате, значи очигледно не ве интересира, но тоа е ваш проблем, говори за вашата сериозност и приод кон овој круцијален закон не само за Македонскиот народ, туку општо за граѓаните на Република Македонија имајќи во предвид дека власта е менлива работа. Денеска ако сте тука утре може да ве нема, говорам од лично искуство, што не е ништо страшно ако човек седне и од една временска дистанца ги разгледа и анализира работите, човек кој вечно не може да седи тука и вечно не може да биде на позиција.

Референдумот што значи? Највисок акт преку кој граѓаните можат непосредно да се изјаснат за битни прашања кои сметаат дека треба да ги покренат, а тоа се покренува со 150.000 граѓански потписи. Тоа е во ред во некои европски држави, тоа се практикува многу често како што е Швајцарија почнувајќи од еколошки проблеми, од градење железнички пруги, трамваи, мостови и не знам уште што. Практика е во Швајцарија тоа да се практикува, но таму се работи за еден нормален свет необременет од сопственото минато и сожителството да го градат веќе 8,5-9 века функционираат како саат. Затоа е поговорката функционираат како Швајцарски саат, а ние функционираме , фактички не функционираме, ние фингираме дека функционираме како држава и една флоскула пласирана во едно минато време, градиме кобајаги сожителство кое всушност никогаш не заживеа. На што се должи тоа можеби на недоволното познавање меѓусебно инаку факт е дека во историјата наназад како Македонци, Албанци сме немале судири, кога говорам за минатото говорам почнувајќи можеби од првата призренска лига од старото ВМРО кога на чело беше Тодор Александров кој преговараше со Албанските старешини и договараше некоја заедничка борба против тие што не држеа под јарем, да не се враќам назад кон историјата, тоа е веќе втората призренска лига. Но, 2001 година, се случи она што се случи, голем дел од Македонскиот народ тоа не може да го заборави, претпоставувам и дел од Албанците не можат тоа да го заборават, но некои работи се предодредени или наметнати од домашни и странски фактори.

Ќе се вратам на референдумот, кога говорев за референдумот како највисок акто на непосредното изјаснување на граѓаните тоа е апсолутно право, точно е дека сме претставници на народот, но има некои прашања за кои јас како пратеник сметам дека немам право да гласам за или против затоа што е битно и круцијално прашање и сметам дека тие прашања треба да се остават да ги решаваат граѓаните на оваа држава.

Каменот на сопнување на член 28 кој многу го говореа и спомнуваат и кој е директно врзан со член 40 став 2, и не можам да се отргнам од впечатокот дека овој закон кој денеска се нуди е дил, е договор на политичките елити кои се на власт, турски кажано, направен е дил, сана бана или тебе-мене, ти ќе ми направи отстапка на член 28 јас ќе ти направам отстапка на член 40, така барем мене ми делуваат работите со моето просто размислување, просто, но логично размислување и направено е тоа што е направено и доведени сме овде да расправаме за работи кои можат да се договорат и да се направат прифатливи за сите нас и денеска да не сме сведоци на маратонски дискусии. Едноставно пракса е во нашето повеќепартиско живеење, за жал, да се носат закони кои и од оваа Влада и од минатата и од претходните влади кои нас како пратеници не втурнуваат да се расправаме бескрајно што е постаро јајцето или кокошката. Никогаш не се излегло со еден чист текст каде сите ние ќе го прифатиме во има на сожителството и во она што значи заедничко живеење, колку ќе живееме заедно и тоа е знак на прашање. За жал, чувствувам  еден негативен тренд, барем јас имам такво чувство и работите не ми изгледаат баш розово.

Ова овде што ние фингираме тоа е сосема друго прашање, работите не се одвиваат онака како што сакаме сите ние да се одвиваат во една нормална клима, во една нормална комуникација. Таа комуникација дали некогаш ќе се воспостави, претпоставувам дека треба време. Времето е тоа што ги лечи сите рани , кај некого да кај некого не.

Значи членот 28 став 3, е камен на сопнување во контекст на член 2 од Уставот на Република Македонија каде се говори дека суверенитетот произлегува и припаѓа на граѓаните, а членот 28 е сосема спротивен на членот 2 каде што сме обврзани дел од припадниците на етничките заедници како што се набројани националности, барем половина гласаат за да може да помине одреден законски проект, во случајот како што е и законот за референдум. Ставени сме во една, да не кажам шах-мат позиција или шаховски кажано е шустер мат немаме простор за делување. Едноставно си фатен на спиење и човек се чуди што го снашло.

Значи пазарењето е направено, очигледно Владата лошо се испазари, барем за Македонскиот дел. Улогата на ДУИ е добро одиграна, можам да им честитам најискрено, најотворено. Ние Македонците, за жал, секогаш одиме по една линија на помал отпор, но исто така треба да знаете дека постои точка на топење каде постои една невидлива граница, една црта преку која не може да се помине.

Членот 28 доволно го апсолвирав, да не зборувам, зборуваа сите пратеници.

Членот 40 став 2, е многу интересен од еден друг аспект од она што го говореа претходните говорници. Каде во членот 40 ќе го најдете Бадентеровото мнозинство, колку што сум запознаен во општина Сарај немате ни еден советник Македонец, ако има исправете ме, или во општина Липково. Каде таму ќе барате Бадентерово мнозинство?

Значи, кога говорам за член 40 говорам за поврзаноста на член 28 и член 40. Ако нема Македонци или припадници на други малцинства, ако тој совет не е етнички чист, каде ќе барате Бадентерово мнозинство во таквите општини. Нема да барате, едноставно ќе изгласате она што е заложба. Постојат некои ненормални ситуации и човек ако ги размислува нема да ги свати.

Претпоставувам дека ќе реплицираат, можеби грешам, можеби има одборници и советници Македонци, не сум запознаен, но постојат општини кои се етнички чисти. Тука работата ќе оди како подмачкана, ќе нема никакви проблеми, ќе се носат одлуки, ќе се носат референдуми на кои ќе нема никој да се спротивстави, ќе се регионализираат, ќе се групираат итн. Сето ова ми мириса на ништо друго освен опстанок на коалицијата. Значи дилот и пазарот е опстанок на коалицијата. Сума сумарум е тоа што се случува од денешен аспект во т.н. Македонска Влада. За жал морам ова да го кажам така мене ми личат работите, за жал, референдумот како највисок чин и придобивка на граѓаните ќе го изгласате, не верувам дека со амандмани нешто ќе прифатите, впрочем тоа е пракса, многу тешко се прифаќаат решенија од опозицијата не само оваа Влада, говорам и за минатата. Тешко поминуваат некои стереотипи, некои работи кои ни стојат во малиот мозок и никако да ги избришеме, но, за жал, состојбата е таква. Примери имавме референдум во Франција и Холандија, не поминаа референдумите и не се случи ништо страшно, државата и понатаму опстојува, а се работеше за еден круцијален проект како што е Евро-Уставот. Еден од основачите од државите кои ги поставија постулатите или темелите на таа идна ЕУ која скоро се обедини беше Франција, но токму таму се случи да не помине референдумот со 53 и нешто проценти.

И тоа не е ништо страшно. За жал кај нас работите нонстоп се фетишизираат, дека ова ако не се направи ќе се распадне државата, ќе се случи ова, ќе се случи тоа, ќе се случат немири, па ќе се јават кризни подрачја, се спомнува Кондово, од едноставна причина да се отргне вниманието на народот и да се фокусира кон сосема нешто друго, а прашање е дали воопшто нешто се случува. Освен она што го слушаме преку медиумите да пласираат она што нивниот шеф, или газда им кажува. И сега прашање е човек колку е мудар и умен да поверува, или да ја провери таа работа, дали држи вода, или не држи вода. Ја спомнав Швајцарија, таму нормална работа е да има референдуми, стара демократска држава која опстојува 1230 и некоја година и функционира безпрекорно. Значи, со членот 28 се прави класична рестрикција на правата на граѓаните, и тоа е многу лоша работа од едноставна причина што кој може да биде коректив на овој Парламент, ако не граѓаните. И ние тоа демокртско право им го одземаме, затоа што сме условени доколку пола од припадниците на етничките заедници не гласаат за, да пропадне секоја иницијатива, или воопшто не дојде на дневен ред, затоа што некој ќе се повика на законот и работата е завршена, многу едноставно, многу просто без многу натегања со два, три дена пишувања по пишаните и најавувања по електронските медиуми. А ова ме потсеќа на онаа народната: караванот си врви, а кучињата лаат. Значи, ќе нема коректив на овој Парламент од едноставна причина што мнозинството ќе донесе одредени решенија, опозицијата ќе се спротивстави немајќи модус како тоа да го направи, патот ќе го бара преку референдум. Со овој закон до референдум многу тешко ќе дојдеме. Затоа говорам дека и власта е менлива и минлива и утре некој друг може да се доведе во ситуација да рече, што требаше да го донесеме овој закон за референдум, не можеме да искористиме ваква и ваква прилика. Значи работите да не се гледаат само од аспект кога си на власт, работите нека се гледаат и од друг аспект, кога си во позиција, на опозиција. Прашање е дали овој закон, претпоставувам дека некој ќе го обжали и на Уставен суд може да падне и тие што го правеа да се свестат дека изработиле материјал кој воопшто не држи. Паднаа многу закони на Уставен суд и за време на нашето владеење и претходното и сегашното и ќе паѓаат. И тоа исто така не е страшно. Страшно е што тој што го прави законот не прават консултации со луѓе кои вистински ја познаваат оваа материја. Дали ова се работи во еден тесен

круг на луѓе, колку се тие познавачи на оваа материја, говорам од аспект што многу закони паднаа на Уставен суд, а и таму седат правници и тука седат правници. Правам градација, има голема разлика. Но тоа во моментот можеби не е битно. Ако сето ова се укине, ако граѓаните не можат непосредно да се изјаснат, каде е тогаш тоа граѓанско и демократско општество што ние го градиме. Кое право нас ни преостанува утре од една сосема друга позиција освен да одам на гласање и да го пуштам сопственото гласачко ливче. Значи над сите нас мора да сватиме дека се граѓаните на оваа држава. Иако од овие места, од овие клупи се чувствуваме дека сме достигнале некој врв, се приближивме до бога, до бога никогаш нема да се приближиме. За жал, функциите и клупиве на кои седиме многу лажат, ја менуваат свеста и размислувањето на луѓето. Тоа се неспорни факти. Има една народна мудрост: дај му ја столицата, ќе го видиш колку вреди и што човек е и што човечко носи во себе, дали има образ, или нема образ, дали ќе ги заборави пријателите, или нема да ги заборави. Очигледно е дека фотелјата е многу слатка работа и забораваме на еден минат период од 30 до 40 години каде што живевме еден нормален живот. Дали тоа се должи на овој амбиент овде на нашата "недопирливост". Но, факт е дека им го одземаме демократското право на граѓаните, а дефинирани сме како граѓанска држава. Значи, вие граѓаните имате право само да гласате, да не одберете, а ние ќе одлучуваме за вашата судбина. Јас не сакам да одлучувам за битни прашања за кои сметам дека немам ниту мандат, ниту кредибилитет да гласам. Затоа го препуштам на некој друг, на тој што ме гласал, 8, 10, 15 илјади, не знам колку гласаа. Не е ни тоа битно. Граѓаните мора да бидат коректив и на Парламентот и на Владата. Значи, ако се донесе овој закон, немајќи излез граѓаните како да се изјаснат, преминуваат на едни порадикални мерки, тоа е таканаречената улична демократија, без разлика на партиската, верската, етничката припадност. Кога не може демократски да се изјасни, ќе ви излезе на улица, ќе ви го изблокира системот, вие ќе примените репресалии, на репресалиите се враќа повторно со репресалии и работата завршува онака како што никој од нас не прижелкува. Ако мислиме таква демократија и граѓанско општество да градиме, нека се носат вакви закони секојдневно рестриктивни. Тоа ќе значи господа ваш пад на идните избори. Не сум Ванѓа да прогнозирам, не сум ни Нострадамус, но ваквите закони и низата на дејанија кои ќе се случуваат ќе доведат до пад на владеачката гарнитура, како што ние паднавме, ќе паднете и вие. Покрај тоа што им се одзема лебот на луѓето, им се одзема и правото да излезат и да се изјаснуваат. Тоа е една страшна работа доколку некој подлабоко размисли и расчисти некои работи во сопствениот ментален склоп дека ова некако не влегува во глава на луѓето, не само на луѓето и на пратениците дека овде излегува и го критикува овој закон, не од намера што некој сака да излезе за да го сликаат и да каже колку е паметен, туку чувствува некоја морална обврска дека треба да се излезе и да се дискутира по ова прашање. Не дека јас сум најумниот, најпаметниот па мора да излезам да говорам. Сметам дека морам ова да го кажам, појако е од мене, не можам да премолчам некои работи и излегувам и го говорам тоа што сметам дека треба да го кажам, како впрочем и секој пратеник што излегува и го кажува она што е негова заложба, претпоставувам и заложба на неговото гласачко тело. Македонија е унитарна држава. И се прашувам дали со овој закон не се руши унитарноста на македонската држава. Многу нелогични работи стрпани во еден закон кои се во чиста спротивност со Уставот и со измените на Уставот од 2001 година. Нели Македонија станува заложник на една би кажал, еве да не употребам претежок збор, на еден непринципиелен дил и договор. Нели со овој закон Македонија станува бинационална држава? Имаше еден минат период, денеска тој човек е академик, во минатото време се залагал за билингвизам во државата, говорам за времето на едноумието. Денеска не можам да се отргнам од чувството дека цврсто грабиме кон бинационална држава. Иако некој тоа ќе го негира, ќе реплицира. И тоа го поврзувам со една изјава на господинот Марјановиќ каде што говореше за процентот на одредени етнички групи. И јавно кажа дека тие работи беа фингирани, да не кажам, наместени. Тоа не се мои зборови, тоа се зборови на господинот Марјановиќ кој го сметам за многу умен, духовит, паметен човек, познавач на сопствената материја и добро е информиран. И се наметнува само по себе едно би рекол патетичко прашање, можеби некому му звучи патетички. Постои ли во Владата, во оној македонскиот дел чувство на одговорност, чувство кон идните генерации на кои им се остава едно тешко бреме, еден тежок товар да го носат и да го влечат на сопствениот грб. Чувството за одговорност е личен однос кој човек може да го вгради во себе да го има или да го нема. Но, престојувајќи во овој парламент од 20 април досега, па и денеска кога расправам за оваа работа, имам чувство дека некако работиве многу бегло поминуваат, дека во Владата секогаш се аминува на некои работи кои нас како најголема етничка заедница од 63% некако сме маргинализирани, она што го говорев, се оди по една линија на помал отпор, или се работи за опстој по секоја цена. И да ви кажам искрено тешко ми е да го говорам ова како Македонец, но фактичката состојба, вистината е таа. Да се има барем малку трунка совест, трунка патриотизам, трунка чувство за сопствениот народ и за сопствената нација, дека ова ни е единствена татковина и дека ако мислиме да ја градиме, ако се има визија, мора да се гради на вистински начин, да се хармонизираат работите. Имате толку стручни кадри, толку тимови, толку екипи во таа Влада, сите буквално ви стојат на располагање. Па изгответе нешто нормално што

ќе биде прифатливо за сите нас. Дајте нешто што е прифатливо. Немојте секогаш да импровизирате, да си играте со чувствата на одредени етнички заедници, во случајов со македонската етничка заедница, македонскиот народ, за мене. Ова е играње со чувствата на македонскиот народ.

И уште едно подпрашање, дали сета оваа папаз јанија која ни се случува или така наречен босански лонец спасот ќе го бараме во ЕУ. Да ви кажам искрено од чукање по рамо од таа ЕУ рамењата ни се искривија и на минатата Влада и на оваа Влада. И сведок бев, а и вие верувам на изјавата на премиерот на Австрија кој вели дека со Турција ќе почнат преговорите за влез во ЕУ после 20 години. Една ненормална ситуација. И ние овде на цел глас говориме и се повикуваме дека цврсто грабиме и се стремиме кон таа Европа. Па таа Европа падна на испитот во Франција и во Холандија. Сега ќе падне на испитот и во Данска. Италија бара враќање на лирата. Без цврсти темели не може да се гради куќа. И додека ние се стремиме, може да ја снема таа ЕУ и нашата хармонизација на односите во сопствената македонска држава да ја снема. Никој не веруваше во падот на Берлинскиот зид, тој падна. Никој не веруваше во распадот на бившата СССР, се распадна, никој не верува дека утре може да се случи НАТО алијансата да се распадне, може да се распадне, тоа се процеси, затоа што сите си ги бранат сопствените национални интереси, освен ние македонците кои секогаш бегло така ги оставаме работите. Точно е дека некои работи не зависат од нас, точно е дека некои работи се предодредени од бога, но Господ дал ум и разум да размислуваме и да делуваме онака како што налага нашиот народ. И кога говорам за таа фамозна ЕУ која да ви кажам веќе ми е дојдена преку глава слушајќи ги сите вести, вака ќе правиме, така ќе правиме, си играат со нас како мачка со глушец. Во 1993 влеговме во ОН и не крстија ФИРОМ, а беше за три, четири месечна употреба, барем така беше презентирано и тие 3-4 месеци поминаа во 13,14 години. Има една стара македонска песна која говори за Европа како блудница вавилонска. Мислите дека ги променија ставовите кон Македонија и македонскиот народ и дека ќе играат на нашата карта и дека ние сме кантарот кој превагнува и како држава и како нација за да се познаваат работите мора да се свртиме малку во минатото, за да носиме прави судови и правилно да одлучуваме.

**Слободан Најдовски:** Господине Флоровски, да се вратиме на законот.

**Александар Флоровски:** Се е во контекст на законот. Господине потпретседателе, референдумот, значи ако помине овој закон дека ускратувате права на македонските граѓани без разлика на етничката припадност, значи сето ова го говорам како наравоучение, доколку некој се сложи, или не, или во втора фаза прифати нешто, или не прифати, нека биде право на мнозинството како ќе одлучува. Сето ова е во контекст на една пластична слика да изложиме овде за да знаеме што да правиме. 120 умови сигурно се попаметни од еден и добро е да се дискутира, оставете некогаш простор малку да излетаме надвор од темата. Знам дека Деловникот говори онака како што вие кажувате, но немојте од нас да правите роботи, или да ни ставате амови како на коњите да гледаме само право. Дали овој закон нема да предизвика домино ефект. Знаете ли што е домино ефект, или знаете ли што е перпетум мобиле? Нема да ви објаснувам, затоа што знаете што е доминоефект, коцката турнес, паѓаат сите, а перпетум мобиле е нешто што еднаш го покренуваш и вечито трае и работи. Таква работа сеуште не е измислена. Јас на колегата му дадов збор дека ќе му отстапам време од 20 минути. Сопствениот збор си го почитувам, тука ќе завршам. Да ви се заблагодарам, ако господа нешто успеавте да сфатите и да нотирате таму добро, ако не успеавте, исто нека ви служи на чест. Терајте вака, ќе се видиме на следните избори во една обратна ситуација, во мое, или без мое присуство што не е битно.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине флоровски.

Има збор господинот Хусеинџевад Хусеини.

Три минути реплика.

**Хусеини Хусеинџеват:** Почитуван колега, јас ќе зборувам македонски, но незнам дали ќе ме разберете и македонски.

Прво, Бадинтеровото мнозинство не скратува права, туку Бадинтеровото мнозинство заштитува права. Многу битна разлика. Тоа е едно. Вие самите рековте, кревка демократија, кревка безбедност, клоша економска ситуација. Во вакви услови, ако некој сили покренуваат за се и сешто референдуми, дури и за прашања од кои другите заедници што се многу во Македонија, освен албанската заедница, ќе чувствуваат ризик за својот просперитет, нели се доведуваме во прашање, нели се се фрла на коцка повторно. И сега моето гледање на оспорените одредби. Јас мислам дека тие одредби се за заштита на државата од сите, па дури и од самите Македонци. Рековте многу дил. Не коалиционен дил, господине, туку овој е дил за опстанок на државата, а не за опстанок на коалицијата. Многу битна разлика.

Спомнавте единствена наша држава. Единствена твоја држава. Господине, оваа држава е единствена и за мене. Јас не познавам друга држава. Моите се преку 200 години во Тетово, а пред тоа дошле од едно село меѓу Гостивар и Тетово. Не знам колку биле таму. Да не спомнувам време и јас. Единствена е за сите господине. Затоа ја споделуваме грижата за неа сите. Мене ми е незгодно дека излегува дека јас ја сакам повеќе. И навистина, повеќе ја сакам од вас. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Хусеини.

Една минута контра реплика господинот Александар Флоровски.

**Александар Флоровски:** Е, мој господине драги, да ви кажам нешто. Кажавте една работа за која не сте свесни што кажавте. Дека ова дил сопственик на коалицијата, туку е дил сопственост на државата. Што значи тоа? Дека ако не биде вака, ќе ја нема Македонија! И повторно ќе предизвикате нешто! Тоа ли значи ова што кажавте?

Околу вашата загриженост не треба да ми говорите, гледајки ве вака многу сте загрижен, дури ќе успеете да ме расплакате во вашата загриженост. Но ова што го кажавте, да си ги земете стенограмите, затоа што ова е директен атак на државата Република Македонија. Значи, ако не биде по наше ќе имате војна. Јас така го сфаќам. Или нешто друго за кое јас не сум добро и доволно информиран.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Флоровски.

Има збор пратеникот Аднан Јашари.

**Аднан Јашари:** Почитуван потпретседател, почитуван заменик министер, почитувани колеги,

Мојот претходен колега од парламентарната група кажа дека навистина претходниот дискутант нема да ме разбере и тој навистина, не го разбра што кажа. И покрај тоа е негова работа. Јас ќе почнам со мојата дискусија, со моето излагање.

Референдумот како еден значаен начин или како еден значаен облик на непосредната демократија, како што се рече и од некои мои претходни колеги, зачетокот е во 17-Век и денес овој инструмент, или овој механизам е присутен во многу држави, било развиени или неразвиени држави.

Поради значењето што го има овој облик на непосредната демократија ова прашање речиси во сите земји, без исклучок е уредено на правен начин. Така се постапи и кај нас по осамостојувањето на Република Македонија со што се донесени два посебни правни акти, како што е тој врз собирањето на потписи за распишување референдум и Законот за референдум и граѓанска иницијатива. И покрај тоа, со уставните измени и измената на низа закони, опфаќајки го и законот за локална самоуправа со кој Закон за прв пат се предвиде можноста за одржување референдум и на локално ниво е едно прашање логично да се изменат и овие закони како посебни закони, кои го регулираат прашањето во однос на референдумот, да го усогласат со овој закон и во себе да го уредат не само одржувањето на референдумот на централно ниво, така како што го предвидуваат законските одредби и законите кои се во сила, туку и да предвидат одредени правни одредби, преку кои се регулира прашањето на референдумот на локално ниво.

Ова можеби е клучното прашање, зошто предлагачот го предлага овој закон. Тоа што за мене е значајно да се каже, за што ценам дека е кажано и претходно е дека преку овој закон за прв пат се кодификува оваа материја и е добро што се кодификува оваа материја, или се унифицираат овие два акта кои се во сила и од сега и понатаму, нормално, по донесувањето на овој закон, ќе имаме само еден закон, со кој ќе се регулира не само прашањето на референдумот и граѓанската иницијатива, туку и собирањето на потписите за распишување на референдум и другите облици преку кои се изразува желбата на граѓаните. Во согласност со ова што е презентирано со овој закон, се гледа дека референдумот е поделен со два критериуми.

Под еден, територијалниот критериум, затоа што во согласност со овојкритериум се прави разлика помеѓу референдумот на централно ниво, или на локално ниво , или на градот Скопје, и под два, и според предметот преку кој ќе биде предмет на референдумот, разликуваме претходен и дополнителен референдум.

Тоа штонајмногу беше причина зошто јас сакам да го изразам моето размислување во однос на овој закон е прашањето кое е поврзано со членот 28, прашање кое и вчера и денес се расправа на некој начин се оспорува.

Уште од почетокот сакам да нагласам дека во врска со ова прашање каде се предвидуваат одредени исклучоци, сакам да го кажам моето размислување дека ова прашање не е против не е против уставно. Ова гокажав и на Законодавно-правната комисија. Ќе повторам дека иако од дискутантите на големо се оспорува став 3 од член 28, заборавјаки еден факт дека овој член има и две други точки, или два други исклучоци. Првиот исклучок е прашањето во однос на Буџетот и јавните приходи, додека вториот исклучок е во однос на прашањето поврзано со заштитата, или извонредната состојба, како што се говори во овој член.

Со ова сакам да нагласам дека не е единствен исклучок ставот 3 од членот 28, преку кој моја оценка е дека се создава еден многу моќен механизам, преку кој на правен начин се штити уставниот принцип, начело кој е познат како Бадинтеров принцип.

Оттука, се поставува и едно друго логично прашање: дали речиси, доколку не се предвиде овој механизам ќе имаме причини или логика, за да постои ова начело во Уставот Република Македонија.

И под два, доколку некој вели дека има некој друг механизам, тогаш нека повели и нека го каже кој е тој друг механизам. Ќе повторам, уставно начело за заштита на заедниците. Ќе кажам уште нешто во однос на овој принцип, на ова начело. Да не го заборавиме фактот дека ова начело е предвидено и со членот 40 точка 2, значи став 2, механизам кој добро што е присутен и се применува на локално ниво.

Оттука, сакам да нагласам уште еднаш дека не треба да се создаде впечаток дека со ова се сака да се штитат само законите кои регулираат

прашања поврзани со Албанците, или правата на Албанците.

Во однос на текстот на законот, имам општа забелешка. Моја проценка е дека би било добро да се размислува во оваа насока. Значи прашањата кои се поврзани со правните норми преку кои се регулира граѓанската иницијатива да бидат во првиот дел од текстот на законот, значи пред референдумот, додека понатаму да дојде референдумот, затоа што јас ценам дека и покрај се, граѓанската иницијатива е претходна фаза која и претходи на референдумот и ценам дека вака треба да биде. Ви благодарам за вниманието.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Јашари.

Следен е господинот Апостоловски. Тој не е тука.

Следен е господинот Жарко Караџоски. Има збор.

Господине Караџоски ќе правиме пауза во 14,00 часот, или сега? (Сега).

Пауза до 15,00 часот, со оглед на тоа што господинот Караџоски има многу повеќе за дискусија отколку овие десет минути.

(По паузата)

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа.

Повелете господине Караџоски, имате збор.

**Жарко Караџоски:** Благодарам, претседателе.

Почитувани колеги, еве два дена дискутираме за Предлогот за донесување закон за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните, што значи законот е во прва фаза. Овие два дена колку трае расправата се изнаслушавме кои се причините поради кои се предлага законот, кои се причините поради кои не треба да помине и главно работата се сведува на тоа кој што предлага вели дека законот така како што се предлага ги исполнува сите услови, и уставни и политички, и општо дека е момент, време и простор ваков закон да се донесе. Опозицијата или најчесто опозицијата не го негира правото на предлагачот да предлага закони согласно Уставот и не го негира ни фактот дека одредена материја со овој закон не е регулирана до сега, иако тоа е уставна обврска, а тоа е делот на другите облици на изјаснување на граѓаните. Факт е дека со овој закон се прави обид прв пат тоа да се регулира со закон, но прашањето на референдумот е прашање кое веќе веше на некој начин со закон регулирано и сега со еден закон кој што го имплементира и референдумот и другите облици на изјаснување, се прави обид кој ние правниците обично го оценуваме и проценуваме како добар. Значи добар обид во еден закон да се систематизира и да се вклопи сето она што значи непосредно изјаснување на граѓаните во било кој облик. Тоа е вред и верувајте, доколку одредени прашања не предизвикаа толкава расправа, овој закон ќе го положеше тестот и ќе дадевме поддршка комплетно како опозиција. Меѓутоа, не може а да не се наметне прашањето, според мене, зошто се избира токму овој момент сега на оваа седница, 99-та по ред, во ова време кога ни се најавува за неполна недела донесување на еден закон, на некој начин обврска од Рамковниот договор, тоа е Законот за употреба на знамињата и не може да не се поврзат тие две работи во смисла на тоа зошто се избра овој момент сега Владата да оди со еден ваков предлог. Мене тоа ми укажува на една работа, имено, поучена од искуството Владата со она што го имавме досега, во минатата година, кога Република Македонија после она изјаснување за прашањето каков статус сака да има, дали самостојна држава, кога 1991 година се направи тој еден единствен референдум, за да после тој референдум имаме прв пат, согласно Законот за референдум и согласно Уставот, минатата година, референдум со кој народот и граѓаните на Република Македонија се изјаснуваат во однос на Законот за територијална организација на Република Македонија, каде што едните, поточно позицијата ја беше фатил уплав да не случајно помине референдумот, од друга страна опозицијата нормално навиваше референдумот да успее и се создаде една таква тензија, што дури мораше Соединетите Американски Држави да не признаат под уставно име за да заврши судбината на референдумот онака како што заврши.

Поучени од тоа искуство, Владата на Република Македонија како предлагач овој пат не сака да дозволи повторно да се случува нешто непредвидено или нешто што може повторно да ја разбранува јавноста во Република Македонија и сега со еден ваков предлог треба да се делува превентивно и да се спречи секоја можна најава во иднина за оние прашања кои таа смета со овој закон дека воопшто не треба да се расправаат на референдум. Подоцна ќе кажам што е тоа главната причина. Затоа е избран вистинскиот тајминг, според Владата. Значи денес треба да ја поминеме првата фаза од овој закон, во меѓувреме идната недела, со оглед дека Законот за употреба на знамињата е ставен во постапка со Предлог на закон, што значи треба да се изгласа, така што тој закон ќе стапи во сила, а во меѓувреме додека граѓаните на Република Македонија размислуваат или ќе размислуваат дали да покренат иницијатива за референдум во однос на тој закон, овој закон ќе ја помине и втората фаза со што ан блок ќе го запечати тој закон, во смисла на тоа што никаква друга проверка нема да имаат можност граѓаните на Република Македонија да искажат во смисла на тоа дали се тие како граѓани на Република Македонија преку непосредно изјаснување, со најдемократско искажување кое значи референдум, да не можат да се искажат и да кажат што со тој закон и дали тој закон го прифаќаат како граѓани на Република Македонија.

Првата причина, според мене, зошто овој закон не е прифатлив е тоа што е лошо избран моментот и затоа е ваква расправата, веројатно ќе има вакви реакции и во самата јавност.

Втората причина или втората околност за која сите овие денови се дискутираше е дали овој закон со сите одредби или со конкретни одредби е во согласност со Уставот на Република Македонија. Кога зборувам за Уставот на Република Македонија, зборувам за сите членови на Уставот и зборувам за уставните амандмани кои ги содржи сите, па и оние што се последица на Рамковниот договор, значи дали тој е во согласност со Уставот на Република Македонија и дали ваквиот закон претставува некаква обврска од Рамковниот договор, за што имавме прилика многу да слушнеме. Тука мора да бидат категоричен, а тоа го кажаа скоро сите претставници на опозицијата, ќе го повторам и јас, овој закон не е уставен. Не поради којзнае што, но исклучиво поради два члена. Тоа се членот 28 став 3 и членот 40 став 2. Скоро сите пратеници од опозицијата, а мислам дека имаше искажување и на некои од позицијата, го искажаа истото дека има дилема во однос на уставната одредба, дали може да се забрани односно да не се дозволи граѓаните на Република Македонија да излезаат на референдум по одредени прашања. Тоа е втората причина, а ќе образложам понатаму во текот на дискусијата зошто сметам дека е неуставно.

И третата причина која според мене е доста дискутабилна и не ми дава за право по овој закон да се изјаснам позитивно, тоа е фактот што овој закон, особено со овие два члена кои што ги наведов, не нуди добро, затоа што Република Македонија со ваквиот закон не можеме повеќе да ја дефинираме како граѓанска држава. Овој закон дефинитивно ги дели граѓаните на Република Македонија по етничка основа. Значи дефинитивно за сите оние прашања кои ја тангираат етничката заедница, ај да бидам поконкретен, според мене исклучиво една заедница во Република Македонија, нема да можеме, односно нема да можат граѓаните на Република Македонија да се изјаснат на референдум. Тоа е она популарно наречено Бадинтерово мнозинство или онаму каде што припадниците на етничката заедница, кои бројат над 20% итн, овде во Собрание преку своите претставници односно пратениците тоа право го имаат кога гласаат за одредени закони, граѓаните на Република Македонија таквиот закон кој што ќе биде изгласан со такво мнозинство да немаат право со референдум да го оспоруваат, односно да кажат дали се за или против, или тоа на прашање на дополнителен референдум, како што кажува членот 28 став 3.

Ова се во глобала тие три, според мене клучни причини кои мене лично не ми даваат за право да го поддржам овој закон, нормално, доколку не претрпи измена во втората фаза во однос на овие два члена за кои што кажав. Сега да одам подетално да ги образложам причините.

За моментот, за времето на донесување кажав, немам тука што да додадам. За уставниот основ ќе продискутираме. Еве, да го отвориме Уставот на Република Македонија, значи да бидеме поконкретни. Амандманот X кој е усвоен како последица на Рамковниот договор зборува во ставот 2 за закони кои директно ги засегаат културата, употребата на јазиците, образованието, личните документи и употребата на симболите, Собранието одлучува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Значи тоа е таа одредба на која се повикува сега членот 28 став 3, каде што вели дека дополнителен референдум на државно ниво не може да се распише за прашања за кои Собранието одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, во кои мора да има гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците.

Сега зошто зборувам дека е во спротивност со Уставот?

Прво, ако тргнеме од одредбата во Уставот, на која веројатно Владата се повикува, која можеби е основ за еден ваков закон, тоа е делот од Уставот на Република Македонија, каде се зборува се што со Уставот не е забрането е дозволено. Веројатно Владата се повикува токму на тоа. Меѓутоа, ако го погледнете овој закон, испаѓа дека она што со Уставот е дозволено, сега се забранува со закон. Значи со Уставот е дозволено непосредното изјаснување на граѓаните и тоа можете да го видите во членот 73 од Уставот, каде што се зборува за одлуката за распишување на референдум, како се собираат гласовите и каде што вели дека Собранието е должно да распише референдум кога предлог ќе поднесат најмалку 150 илјади избирачи.

Значи она што со Устав сега се дозволува ние со закон го забрануваме со тоа што даваме одредба во која што кажуваме во кои случаи не можат граѓаните да се произнесат. И, сега тоа е кај оној дополнителен референдум, значи да расчистиме, сега законот воведува неколку категории на референдум, а тоа е претходен референдум, референдум дополнителен и референдум за консултирање што сега е како новина во законот. Не би ги објаснувал што значат претходните, би зборувал за дополнителниот референдум, значи тоа би бил референдум на прашања за кои што веќе Собранието донесло одлука или закон и кај што најчесто праксата покажува дека таквите работи се најмногу спорни.

Сега зошто велам дека се коси со Уставот? Затоа што во Република Македонија може да се случи една ваква ситуација, граѓаните на Република Македонија со една своја иницијатива неспорно да соберат 150 илјади потписи во процедура и постапка како што определил законот, потоа тие потписи да бидат доставени до претседателот на Собранието, а тој како претседател на Собранието да не може да распише одлука за референдум затоа што ќе треба да го толкува или тој или не знам кој. Но се собрале потписи, никој

не може да ги запре. Граѓаните собрале потписи без разлика како и ги доставуваат и претседателот на Собранието да каже немате право итн, не може да се донесе одлука. Еве да тргнеме од тоа дека не може да се соберат 150 илјади потписи. Значи и едниот и другиот случај зборува за забрана за право кое со Устав му е дадено.

Дали е прашањето на ограничување на правата на граѓаните мало или големо со ваквиот член, ако добро го прочитате во Уставот, ќе видите дека за огромен број прашања граѓаните на Република Македонија не можат да излезат на референдум. Значи се она што значи култура, употреба на јазик, образование, лични документи, употреба на симболи и се она што Собранието одлучува со Бадинтерово мнозинство. Тоа не е мал број на прашања. И ако на тоа ги додадеме став 1 и 2 каде што се зборува за Буџетот, за обрана, воена, вонредна состојба итн, се поставува прашањето за што можат граѓаните да излезат на референдум. Значи ограничувачко право, освен како што ме потсетува претседателот на Собранието, евентуално за приватизацијата на Електростопанство на Македонија и за некои такви слични прашања. Но тоа веќе не е непосредно изјаснување, тоа веќе не е демократија без разлика што овде некои пратеници кои што доаѓаат од заедниците, се обидуваат да не убедат дека ваквите одредби се заштита на заедниците заради тоа што тие се легитимни претставници на граѓаните и го имаат тоа право со оглед што се избрани на избори, да нивното гласање биде и финишно гласање за граѓаните после нивното гласање да немаат што да кажат. Јас мислам дека тоа не е во ред, за никаква заштита не станува збор затоа што ако граѓаните ни дале еднаш доверба и сте станале нивен претставник во Собранието, тоа не значи дека со тоа имате автоматска поддршка целиот мандат, затоа што често граѓаните знаат да се премислат и да го кажат своето мислење и спротивно на она што овде се гласа. Затоа, референдумот е повисок облик на демократија отколку претставниците во Собранието.

Немам повеќе намера да зборувам во однос на уставноста, бидејќи се се кажа и убеден сум колку и да зборуваме овде на говорницата, Владата веројатно ќе остане цврста на ставот и веројатно истиот текст ќе ни го достави.

Третата причина за која сакам да дискутирам е тоа што со еден ваков закон, со вакви решенија ние граѓаните на Република Македонија ги делиме по етничка основа, ги делиме на мнозински народ, на малцински народ, заедници итн, со тоа што целта е да ги заштитиме малцинските заедници од некаков упад на мнозинскиот народ. Тоа е едната работа, иако заборавaме дека и при иницијативата за собирање потписи, и при излегување за референдум граѓаните на Република Македонија не може никој да ги ограничи кој ќе излезе, дали ќе излезе Албанец, дали ќе излезе Македонец на референдум, Србин, Влав итн. Иницијативата е на сите граѓани, но со една ваква одредба и со забрани, поточно со ограничување на тоа право, дури тогаш ќе се случи делбата. Значи имаме ситуација каде иницијатива или реакција за одредени прашања ќе има од една заедница, па од друга заедница, или на едната заедница и укажувате веднаш со една ваква одредба дека таа нема што да бара на референдум, затоа што со ваквиот закон поточно пратениците се грижат за нив и со сето тоа се крши рамноправноста на граѓаните, која што е темел на Уставот и се крши правото на секој еден граѓанин да може да си каже она што смета дека треба. Еве, последниот пример со територијалната поделба го покажа истото дека токму ова сега што го зборувам е така. Таму имавме референдум на кој што албанската заедница го повика својот народ со наредба да не излегуваат на референдум, тие тоа го почитуваа и уште тогаш се направи таа поделба која сега со закон ја регулираме, за да сега не се мачи Демократската унија за интеграција како политичка партија која припаѓа на власта да ги повикува граѓаните со декрети, наредби, закани и уцени, вака со закон уште веднаш на почеток да ги запре во она што можеби кај Албанците може да се јави незадоволство од одреден закон. И без разлика дали се однесува на оние права кои овде со Бадинтеровото мнозинство се заштитени, не може само Али Ахмети и компанијата пратеници кои се тука со него да кажува за нивните права. Веројатно тие имаат право да кажат дали Законот за високо образование кој што беше донесен, Законот за Тетовскиот универзитет за кој што имавте внатре во Парламентот разлика помеѓу албанските партии итн.

Дали е тоа таквото право или нивно право или нивна желба, затоа е референдумот и тие како целина да излезат и ви кажат дека не сте во право. Или можеби сте. Не се само изборите да се повикувате на изборите, па ние добивме 90% поддршка од граѓаните и не можеме да кажуваме за нив, 90% од кои не знам кој процент наштелувани со полнење кутии, но во секој случај ако сте навистина и ако сме сите партии кои сите носиме предзна, демократски, тогаш треба да им го дадеме тоа право на граѓаните и воопшто да не се плашиме, без разлика за кој закон станува збор, сите заеднички да излезат и кажат она што го мислат. Дури тоа можам да го поврзам и вака.

Можеби е стравот токму кај албанската заедница, можеби кај претставниците на владеачката партија од нив токму заради овој закон кој се најавува. Можеби нивната идеја која најверојатно сакаат да ја форсираат, а можам да ја видам во тој закон, можеби не и се допаѓа на албанската заедница. Можеби, не само на македонската, туку и албанската, па да не им се случи се направија делби кај нив или кај таа заедница, вака со еден декрет нема право да се изјасни, јас што ќе кажам, тоа треба и ти да го мислиш. Мислам дека тоа не е во ред и тоа право не треба да им се скратува.

Почитувани пратеници како тргнавме со вакви закони кои денеска прво ги имаме, а допрва ни следат од Република Македонија не знам што направивме, како тргнавме да ги носиме законите без некоја поткрепа во Уставот, без некоја логика во правото освен дали ќе правиме дилови помеѓу коалиционите партнери на сметка на целиот народ во Република Македонија, па дури да ни се случува дека  третиот коалиционен партнер забораваме дека постои, па ни се случува, како што ни се случи еден пратеник од таа страна да дискутира како што сега јас дискутирам, а е владеачка, па ни се случува да имате изјави дека некои од пратениците во владеачкото мнозинство се двоумат дали  ќе го поддржат овој закон и оној нареден закон кој ќе следи после овој. Тоа само потврдува дека ние не ги носиме законите според она како што треба да биде, меѓународните договори, да има темелит, уставен основ и да има навистина оправданост во носењето, туку ги носиме, седнуваат двајца, се договараат, прават дилови, разни договори на сметка на сите нас. Дури на штета на сопствениот народ. Одиме дури до таму.

Јас сум сигурен да беше тука присутна опозиционата партија на албанците дека сигурно нешто ќе кажеа повеќе или помалку во однос на ова што сега јас го дискутирам, со кое ќе се потврдеше дека баш сите не мислат исто или не мислат сите како некој кој се јавува како идеолошки претставник на сите заедници, на сите албанци или на сите македонци независно и заради тоа не треба да се скратува правото на граѓаните сами да си кажат дали е така како што некој мисли дека е.

На овој начин одземајќи го уставното право на граѓаните да  се изјаснат за непосредна примена на демократија по пат на референдум да ни кажат дали овој закон сега или утре кој го носиме е за нив прифатлив или не, тогаш сме далеку од демократијата.

Ако имаме храброст и ако сме навистина претставници на мнозинството од тој народ што овде не легитимирал, нема да се плашиме од ништо. Уште помалку ќе се плашиме од накаков си етнички призвук на некој друг, затоа што имал некое етничко потекло. Ако вие како претставници на албанската заедница во Република Македонија сакате во наредниот закон да албанското знаме биде прифатено во Република Македонија, ставете го на тест нека тоа го кажат граѓаните на Република Македонија дека го прифаќаат или не. А не со сила да го веeме и не со бодење во очи, 20% од некој народ да боди 80% некој друг во очи. Ставете го на тест. Немојте амблок да бидете сигурни дека некој ќе го прифати или нема да го прифати, или да не ставате нас овдека на тест дали треба да се прифати она што вие мислите дека треба. Јас ви укажувам дека на тој начин по пат на референдум, ако излезете и ако народот ви каже, не тогаш да го гледате македонскиот велел против, албанскиот велел за. Значи ако народот ви каже во огромен процент дека и за него не е прифатливо некое знаме кое  знаме е на странска држава и тн. Вие и ние сите овдека како претставници на граѓаните тоа право го почитуваме, а не да ги запреме со закон, тоа што јас го мислам, ти немаш право да го кажеш и нема што да излегуваш на референдум. Тоа е кога станува збор за симболите, тоа е кога станува збор за образование и за се она што се наведува во овој член. Значи јас ќе морам да го демантирам колегата. За никаква заштита не станува збор. Напротив, му го узурпирате правото вие, токму вие кои што се плашите да не се узурпираат правата на заедницата, токму вие го узурпирате на овој начин. Вие 10 или 15 размислувате за сите нив, што не е така. Не  е сигурнотака, затоа што сите не мислат исто како вас, како што сите немислат исто како нас. И најлошто е ова кога го велам вас и нас, затоа што ако го почитуваме Уставот, ако сме сите граѓани на оваа држава, на сите треба да се цени мислењето. Не треба да носиме закони со сила, не треба некому да наметнуваме нешто, туку треба да собереме волја, расположение, разбирање и да донесеме нешто што ќе го применуваме сите а не да наметнуваме сопствени ставови. Не треба ако некој ви укажува дека овој закон е лош, дека овој член е лош и тоа два дена, три дена ќе зборуваат и пратеници и јавност и тн. вие упорно тоа да го туркате. Па тоа нема век. еден ден ќе дојде крај и на тоа. Ќе се смени гарнитурата и тн. и тн. И 100 заштитни механизми да ставите и тие се менуваат како што секоја недела почнавме Уставот да го менуваме. Заради тоа ви давам еден совет, сега се обраќам вака, сега извинете  што се обраќам повеќе до ДУИ, сметам дека народски кажано нивно масло е ова, немојте да инсистирате на решенија кои нема да врват. Нема да врват кај целиот народ во Република Македонија. Инсистирајте ако навистина ја сакате Република Македонија како што овдека роните солзи. Меѓутоа пазете  и таа изјава ние ја сакаме повеќе Македонија од  јас, господине Флоровски мене навистина ме уплаши една таква изјава, затоа што како вие изразувате љубов малку е чудно. Имавме прилика да видиме, за одеднаш така многу  се трансформирате, дури да од еден господин Флоровски да кажете дека повеќе ја љубите и ја сакате Македонија, јас тоа можам да го сфатам вака, вели ако сакам, ама сакам се. Тоа е она што прави проблем. И тоа е она што сакам се и сакам да биде по мое. Наметнувате решенија со сила, наметнувате решенија наспроти мнозинството од македонскиот народ и граѓаните на Република Македонија токму со вакви решенија. И заради тоа ако сакате и ако навистина ја сакате оваа држава, слушнете го мислењето и по однос на овој закон и по однос на другиот што следи ако имате прилика да го слушате и во изјави и допрва на седница и дајте сите заедно да донесеме решенија кои ќе бидат прифатливи за сите нас. Конечно да имаме консензус и да кажеме дека во оваа држава еднаш ќе тргнат работите на добро, а не заради инаети ваши или наши сеуште

претставникот на Европската комисија во Република Македонија да не може човекот да си појде дома заради нас, сеуште ПРОКСИМА се мисли дали да оди или да остане уште еден мандат затоа што нечиј инает треба да задоволиме дали наш или ваш и до кога така?

Затоа велам размислете добро, немојте со сила ништо да форсирате, има решение за се, не се двајца луѓе во Република Македонија најкомпетентни, има уште многу попаметни глави, седнете, да седнеме и да донесеме закон кој ќе го почитуваме сите и ќе важи за сите, а не само за одреден број.Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Караџоски.

Господине Томиќ имате реплика. Повелете три минути.

**Зоран Томиќ:** Колега Караџоски жално е што не успеавте да го слушнете моето излагање од сабајле и штета е ако не сте го прочитале, земете го стенограмот, па многу работи ќе ви станат појасни.

Прво, многу работи ќе ви станат појасни. Овој закон не е ниту наметнат ниту донесен. Ова е закон и тоа Предлог за донесување на закон. Значи најмалку во две фази.

Вчера кога еден од вашите колеги дискутираше околу тајмингот за законот за употреба на знамиња мислев дека е ваш политички личен маркетинг или дека тоа намерно се прави, меѓутоа со вашата дискусија директно ми потврдувате дека Предлогот на законот бил многу добар, меѓутоа, тајмингот не бил добар. Ако законот се носи во две фази и ако е ова само прва фаза каде сите ние даваме забелешки, кажете ми од каде знаете дека законот за употреба на знамиња и симболи ќе се донесе пред овој закон или сте можеби видовит.

Понатаму, кажувате дека нема уставен основ, а се повикувате на член 2 став 2. Го коментирате дури и Бадинтеровото мнозинство. Епа колега Караџоски и јас да живеам во Прилеп многу лесно би го коментирал Бадинтеровото мнозинство. Затоа уште еднаш ве упатувам видете го убаво членот 40 став 2 што предвидува во општините Тетово, Гостивар, Кичево, Струга и другите општини.

Конечно спомнувате дека ги нема ДПА, ја нема опозицијата. Јас нешто друго ќе прашам каде е господинот Груевски, каде е госпоѓата Ганка, каде е господинот Кедев, каде е опозицијата да се произнесе по овој закон. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Нема потреба од нервоза, тоа го научив од ова место.

Повелете господине Караџоски една минута.

**Жарко Караџоски:** Прво, господине Томиќ или Зоки, јас вака бидејќи те сметам за пријател, ќе ти одговорам на она што последно го кажа. Ниту Груевски ниту Ганка ниту тие што ги кажа не се опозиција во Република Македонија, туку се ваш коалиционен партнер. Опозиција во Република Македонија е ВМРО-Народна и овие пратеници што ги гледаш. Тоа е едно.

Второ, би те прашал колега каде живееш навистина? Во Република Македонија? Знам дека си во Тетово, меѓутоа во Република Македонија. Ако си во Република Македонија жител дали не знаеш како се носат законите во ова Собрание? Се што било прво станало и втора фаза ама баш без никакви измени. Сигурно законот за знамиња ќе се донесе пред овој закон, јас ве уверувам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Хусеини Хусеинџевад.

**Хусеини Хусеинџевад:** Јас му благодарам на господинот Томиќ, многу мои мисли ми ги украде, ми ги прочита, па нема да повторувам, се согласувам со него, само едно да кажам уште еднаш каде тој гледа присила во ова? Зошто со сила наметнуваме закон. Се дискутира, ќе се гласа.

Второ, добро во ред...

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Рустеми три минути.

**Ејуп Рустеми:** Благодарам господине претседател.

Доколку господинот Караџоски говори на овој начин само за тоа што е во опозиција и сака да ги добие гласовите од граѓаните повикувајќи се на работи кои верувам дека не ги мисли онака, да прави градење на една држава, тогаш во ред, меѓутоа, многу вознемирувачки факт господине Караџоски што, доколку ова што го говорите денес навистина го мислите, тогаш не знам кој на кој пат ја води Македонија таму каде што треба да биде.

Доколку го прочитаме Охридскиот рамковен договор и преамбулата, таму може многу убаво да кажеме јасно се гледа дека Република Македонија претставува држава на етничките заедници каде сите ќе бидат рамноправни. Меѓутоа, има една заедница која е мнозинство и има заедници кои не се мнозинство во Република Македонија. За да не бидат овие дискриминирани, значи овие што се во помал број, тогаш е многу природно и е предвидено и во Рамковниот договор, вие тогаш сте биле пратеник и сте гласале за тоа, тоа денес е всушност Уставот на Република Македонија, тоа е механизмот за кој велиме дека е Бадинтерово правило. Значи се бара двојно мнозинство. Многу е природно, доколку еден закон кој се донесува во овој Парламент со двојно мнозинство да имаме механизам да не се надгласува така како што беше порано во Република Македонија и се покажа како неуспешен начин и го донесе тоа што го донесе во 2001 година. За да не ни се повторат истите работи, го имаме правилото на Бадинтер, со што се заштитуваат сите дистриминирања што можат да се направат на една етничка заедница врз друга етничка заедница.

Сега кога овде говорите и им се обраќате на ДУИ треба да бидете многу свесни, а сигурно дека сте свесни, меѓутоа така сакате да говорите дека ние не сме група каква што ја замислувате вие, јас не

велам дека вие покрај желбата сте се издвоиле во една група и сте седнале тука, меѓутоа, ние ја претставуваме волјата на оние граѓани кои не донеле на ова место. Ние ги штитиме интересите на оние граѓани кои гласале за нас. Затоа многу е логично да нема референдуми за вакви закони. Што ќе се случеше доколку на пример етничката заедница која е мнозинство тука одлучеше да направи референдум и да ни забрани нам да говориме на албански јазик?

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Рустеми.

Господине Караџоски повелете една минута.

**Жарко Караџоски:** Господине Рустеми ќе ви одговорам вака. Јас што мислам тоа и кажувам. Што мислите вие, вие мислите дека ние не знаеме. Знаеме и што мислите, но што правите е прашањето. Верувајте дека и албанската заедница се чуди што правите. Затоа што тоа што го мислевте и што го мислите сеуште не го правите. Сега играте шах во нараквици. Свесни сме дека еден ден ќе ги извадите нараквиците и свесни сме дека, да не ве потсетувам, коминикеа и тн. и тн.

Едно друго прашање, што претставувате вие кажавте. Кого вие претставувате, ние тоа многу добро го знаеме, но по се изгледа вие не сте свесни.

**Љупчо Јордановски:** Ако можам и јас, да бидам во рамките на Деловникот, да дадам коментар како реплика. (Од страна на пратениците му беше кажано дека се јавил многу доцна). Кај мене нема такво копче за пријава, во тоа е проблемот.

Ајде еден коментар, да ме научите господине Караџоски, велите дека овој закон е противуставен и дека се базира на тоа во Уставот се вели дека се што не е забрането е дозволено, а ние нешто забрануваме со овој закон. Врз основа на тоа е противуставно.

Сега, кажете ми кој закон не е противуставен, бидејќи иако ќе го донесеме законот каде се забранува пушењето, кој закон не е противуставен, бидејќи законите санкционираат нешто, забрануваат.

Второ, искрено да ви кажам вие сте еден од најредовните овде во Парламентот дури поредовни од мене, бидејќи јас кога сум на пат вие сте присутни.

Јас знам дека над 300 закони сме донеле, а само 10% се однесуваат на она што значи Бадинтерово мнозинство. Споре тоа, 10% не е исто што и 100%, се се носи, сега е ставено под референдум. Најбитните прашања што се од животот на граѓаните тоа што го спомнавте ЕСМ, сепак може да оди на референдум.

Толку е мојот коментар односно реплика, повелете една минута контра реплика. Реков реплика и не е надвор од Деловникот, послушав еден пратеник дека треба да реплицирам.

**Жарко Караџоски:** Господине претседателе, мене ми е жал што се гледате низ призмата на математиката и се гледате во некакви бројки. Биле 300, 10% не биле вакви и такви. Не е математиката најголемата наука во Република Македонија. Имате многу што да научите и од правото, имате што да научите и од логиката.

**Љупчо Јордановски:** Затоа ве прашав.

**Жарко Караџоски:** Епа затоа, ама мене веќе ми се здосади да ви објаснувам и да ве учам за се.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Јанаке Витановски.

**Јанаке Витановски:** Почитуван претседателе, почитуван заменик министер, почитувани колеги пратеници,

После овие дискусии и после два дена расправа на пратеник тешко му е да зборува, но јас ќе кажам, она што е моето право и што мислам по овој текст на закон. Мислам дека е тешко да зборуваме по вакви клучни закони кои што задираат во народот, во граѓаните. И заради тоа овие се болни закони, како што е и наредниот закон за знамињата и тој е еден од вааквите закони. Мислам дека премногу зборуваме со емоции спрема овој законски предлог и има премногу емоции од страна на опозицијата која што не е овде сега присутна, има дел од опозицијата, а кои се не ги знам. Мислам дека тие сакаат да направат повеќе ЕПП одколку да зборуваат за самиот закон. И во својата дискусија колегата Жарко кажа дека законите ги носеле двајца луѓе. Господине Жарко, мислам дека знаеш дека законите ги носи Парламентот со мнозинство и тоа е по законот и по Уставот, а законите не ги носат двајца луѓе. И во однос на она што го кажа за времето, зошто баш сега? Ако се покрене иницијатива за распишување на референдум, референдумот завршува по сегашниот закон. Така што нема никаква пречка за поднесување на било каков референдум и било каква иницијатива. Да се вратам на она за што сакав да зборувам, мислам дека ќе бидам краток, нема да одземам многу време, бидејќи се дискутира скоро два дена, си кажаа и позицијата и опозицијата. Мислам дека треба да сватиме една работа дека денеска ние расправаме за Предлогот за донесување на закон, односно за потребата од донесување на овој закон. Мислам дека овде не треба да се поделиме и јас не го делам мислењето со опозицијата. Мислам дека има потреба за донесување на овој закон и треба да го донесеме овој закон заради ред други причини за кои што зборуваа и моите колеги и за што не сакам да зборувам повторно. Мислам дека ни е неопходна потребата и треба да гласаме за потреба од донесување на овој закон. Што ќе содржи овој закон? Ние имаме овде еден текст од закон кој што го подготвувала Владата како предлагач, а сега наше право е ние како пратеници, како пратенички групи преку комисиите да дадеме свое мислење по одредени членови во самиот закон за да го подобриме и законот да биде подобар за примена, односно да им служи на граѓаните. За вакво донесување на закон, мислам дека треба да се земат во предвид

и добро е тоа што оди во повеќе фази и во оваа фаза која што е сега како утврдување на потреба, Владата треба да ги земе во предвид мислењата на експертите, мислењата на стручњаците, па дури и да се земе европското искуство и стандарди кои што ги регулираат овие прашања во областа на референдумот, а се со цел да имаме една поголема демократија. Сметам дека овде имаме една работа за која што зборуваа сите колеги, но мислам дека тоа се зборуваше повеќе на база на своето чувство, а не на база на она што треба да го донесеме во овој закон. Мислам дека до донесувањето на овој закон ќе има уште една или две фази, така што Владата ќе има модус она што овде се зборуваше да го има во предвид. Сметам дека законот кој што сега се предлага има основна цел, е тоа што досега имавме два закона, а сега ќе имаме еден единствен текст во кој ќе бидат опфатени сите облици, начинот и постапката за остварување на непосредната демократија, што е едно од основните права на граѓаните гарантирано со Уставот на Република Македонија. И самиот закон се темели на членот 2, став 2 од Уставот и мислам дека тука нема дилема. Сметам дека и во Законот за локалната самоуправа се предвидува непосредно учество на граѓаните за прашањата од локално значење и преку граѓанската иницијатива собирање на потписи и референдум итн. Но, тоа досега не беше воведено. И тоа е една од причините за носење на еден ваков закон. Сметам дека законот каков што е даден има и добри и лоши страни. Јас ќе кажам нешто што сметам дека треба да се потенцира во овој текст и мислам дека Владата тоа ќе го има во предвид и дека ќе ги има во предвид мислењата на пратениците на комисиите и на оваа пленарна седница. Значи, со овој закон се уредува како начинот, постапката за распишување и спроведување на референдумот, покренување на граѓанската иницијатива, свикувањето и одржувањето на собир на граѓани, како и други прашања од значење за непосредното изјаснување на граѓаните. И ова е основата за која се темели целокупниот овој законски текст.

Сега ќе дадам свое видување на пооделни членови, мои забелешки во однос на закнот. Сметам дека во општите одредби немам забелешки и дека референдумот во членот 6 е кажано дека може да се распише на целата територија, тоа е на државно ниво и референдум на локално ниво, односно тоа се референдумите кои се распишуваат за подрачјето на општината, на Градот Скопје, или на пооделните општини во Градот Скопје. Сметам дека едно од битните прашања кои што ги регулира овде во законот, тоа е членот 15 и мислам дека е ова клучно прашање, а тоа се однесува на гласачко ливче и добро е напишано дека прашањето на гласачкото ливче мора да биде прецизно формулирано и недвосмислено така што граѓанинот на референдумот да може да одговори со одговорот за, или против. Мислам дека сите референдумски прашања, имавме искуство во досегашното работење, имавме и референдум, тие прашања треба да бидат недвосмислени, прецизни, формулирани така за да се знае целта на тоа прашање.

Имам една мала дилема за која што зборував и на комисиите, тоа е на членот 19 во кој што вели дека референдум за исто прашање не може да се повтори пред истекот на рокот од една година од денот на одржување на референдумот. Имајќи во предвид колкава е постапката за одржување на еден референдум, колку треба органите да се вклучат во тој референдум, а пак да не зборуваме колку чини еден референдум, знаеме околу два милиони евра, мислам дека рокот од една година е многу краток за едно исто прашање да се постави референдум два пати. Затоа мислам дека рокот од една година е краток и мое мислење е дека тој рок за повторно поставување за исто прашање на референдум би било најмалку две години.

Ќе кажам неколку збора за референдумот на државно ниво. Тоа го распишува Собранието на Република Македонија. Тука имам дилема во членот 20, Собранието распишува референдум на државно ниво по сопствена иницијатива и по предлог на најмалку 150.000 граѓани. Мислам дека тука треба да има еден збор "на потписи од граѓани".. Така што тоа да се прецизира во самиот закон.

Во однос на другите членови од 25, 26 до последниот, до 30-от член дадов свое видување, дадов свое мислење на комисиите и по однос на членот 28 и мислам дека е потребна одредба со која прецизно ќе се определи за кои прашања може да се распишува референдум, а за кои прашања не може да се распишува референдум. Моето мислење по членот 28 став 3 го дадов на комисиите на кои што сум член.

Во однос на органите за спроведување на референдумот и овде се поделени на државно ниво и на локално ниво. Сметам дека овде треба нешто да се допрецизира. Органи за спроведување на референдум на државно ниво и се наброени: ДИК, општински изборни комисии и избирачките одбори. Во членот 45 вели дека органи за спроведување на референдумот ќе бидат истите органи кои што ги спроведуваат парламентарните избори. Но, таму имаме и регионални изборни комисии, а овде ги немаме. Заради тоа треба да се прецизира кои се навистина овие органи.

За мене едно прашање за кое што зборував и на комисиите е составот на општинска изборна комисија. Дали и понатаму треба да остане, како претседатели на општински изборни комисии да бидат судиите, или тоа можат да бидат дипломирани правници. Судството малку да го ослободиме од овие избори, мислам од оваа постапка на референдум. Понатаму, во овој закон го нема составот на комисиите, веројатно се мисли дека тоа се комисиите исти оние што ги спроведуваат парламентарните избори. Составот не е никаде кажан, а знаеме дека тие се 4+1,

односно има и заменици. Никаде во овој закон не ја најдов надлежноста на комисиите, на општинска изборна комисија, надлежноста која ќе биде за спроведување на референдум, бидејќи една општинска изборна комисија може да биде на две општини надлежна. Сега тука тоа не е кажано во законот, не се кажани изборот на членовите на комисиите и дали ќе одат пак по партиска припадност, или тоа ќе бидат сосема некои други луѓе.

Во однос на членот 33 каде што е наведено, општинска изборна комисија и кои се нејзините надлежности. Една од одредбите таму е шеста, седма, ги предлага и ги прима гласачките материјали на и од избирачките одбори. На кој начин? Нема наведено како тоа ќе го прави. Тоа треба да се допрецизира. Битна одредба е дека општинската изборна комисија ќе ги сумира резултатите од гласањето на гласачкото место.

Во однос на избирачките одбори, исто така овде има недојаснети работи. Пред се за избирачкиот одбор е наведено околу неговиот избор и образованието, или кој се може да биде член на тој избирачки одбор. Тоа го нема наведено и тоа е оставено на општинската изборна комисија да го прави тоа сама, а со кое образование, или која струка и ред други работи, не е наведено.

Во однос на надлежноста на избирачкиот одбор за разлика на локално ниво каде што се дадени надлежностите на избирачкиот одбор, кажани се добро, тоа е во членот каде што ги разработува избирачките одбори, но на локално ниво кога има некоја граѓанска иницијатива овде не се дадени и разработени сите надлежности. Зошто да не ги објави резултатите избирачкиот одбор. Овде тоа го нема. Само вели, ги сумира резултатите. Зошто да не составува записник, зошто да не е тој потпишан записник. Тука треба да се допрецизира и да се стави дека избирачкиот одбор составува записник за својата работа, ги потпишува, или ги објавува резултатите од гласањето.

За органите за спроведување на референдум на локално ниво, исто така овде кажав кој ги избира овие органи, или останува она истото како што е во членот 45 дека за референдум на локално ниво се применуваат одредбите од Законот за локални избори. Но, мислам дека треба попрецизно да се разработат овие членови околу органите за спроведување на референдум на локално ниво.

Има една недореченост, или грешка, не знам, за членот 52 точка 4. Тоа се однесува на записникот, за спроведување на референдумот и дека по завршување на референдумот го потпишуваат претседателот и членовите на општинската изборна комисија. Записникот е важечки ако е потпишан од мнозинството членови на Изборната комисија, значи од тројца. Има една одредба што ако не го потпишат записникот тројца членови. И во членот 52 точка 4, вели дека ако записникот не е потпишан од мнозинството членови на Општинската изборна комисија, записникот го составува и потпишува општинска изборна комисија врз основа на целокупниот гласачки материјал. Мислам дека тука треба нешто друго, а не општинската изборна комисија. Тоа не е во ред, бидејќи ако таа можела да го направи тоа со тие три потписи ќе го направела записникот и ќе го потпишела. Ако се мисли дека ДИК тоа треба да го направи, тоа не знам, но треба да се напише во законот. Како што е на пример во членот 48, таму се однесува, ако записникот не е потпишан од мнозинство членови на избирачкиот одбор, тогаш записникот го составува и потпишува општинската изборна комисија. Тоа е сосема во ред. А овде тоа не е напишано, мислам дека Владата ова треба да го измени и да го направи онака како што треба.

Да не ви одземам многу време, имам уште една дилема, а тоа е на членот 67 за кое што некои од колегите зборуваше, но јас сакам да го потенцирам. Тоа се однесува на Предлогот за покренување на граѓанска иницијатива на државно ниво се доставува до претседателот на Собранието, а претседателот на Собранието е тој кој што одлучува и утврдува дали иницијативата е уредна, или не е уредна. Никаде во законот нема наведено што е уредна иницијатива, што не е уредна иницијатива. Па како ќе може претседателот да цени која е уредна, а која не е уредна иницијатива. А овде стои: исклучиво утврдува и одлучува. Мислам дека треба да се наведе во овој член 67 што е уредна иницијатива, а што не е уредна иницијатива.

Јас мислам дека треба да се гласа за потребата за донесување на овој закон, бидејќи ова е во прва фаза, можеби има пријавено уште кандидати, да им оставам простор и нив. Во однос на потребата е недвосмислена и мислам дека има потреба за донесување на овој закон. Јас за неговата потреба ќе гласам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Витановски.

Има збор господинот Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Благодарам потпретседателе, и почитувани пратеници,

Денеска во текот на дискусијата за која цел ден разговараме за донесувањето на овој закон за референдум кој е во прва фаза, да потсетам, неколку пратеници од опозицијата и колегата Мавровски и Силвана Бонева и Жарко Караџоски како да се натпреваруваа со пријавите кој ќе биде зад мојата дискусија. Воопшто не замерувам, претпоставувам дека сите вие имате свои автентични дискусии и дека вашиот настап воопшто не се базира и не зависи од мојата дискусија. Се разбира, сето тоа е според Деловникот и имате право и на дискусија и на реплика.

Признавам во дискусијата и прифаќам по повод овој закон дека дискутиравме на еден начин кој е својствен за една демократска дебата и борба на мислења со соочување на аргументи помеѓу различни политички опции, помеѓу власта и опозицијата и тоа е за поздравување, бидејќи тоа

е начинот на водење на дебата. Иако морам да признаам, не се согласувам со аргументите, односно забелешките искажани од страна на пратениците од опозицијата. И ќе се обидам накусо да кажам во 5-6 точки кои се тие пунктови на кои јас имам поинакво мислење во однос на овој закон, бидејќи веднаш да почнеме отворено. Никој не го спори законот како закон, или целокупната содржина на законот, туку да кажеме отворено, прецизно, да ги отвориме картите, спорен е членот 28 и тоа еден став од членот 28, ставот 3. И според ова основната забелешка на опозицијата се состои во тоа што наводно според нив ќе се ускратува непосредната, примената на непосредната демократија поради воведувањето на Бадинтеровиот принцип со изгласување на оние закони кои се носат со Бадинтерово мнозинсто да не може да се распише дополнителен референдум што е предвидено во ставот 3 од членот 28. Господа од опозицијата мојот одговор е дека всушност и мојата констатација дека всушност во таа ваша забелешка лежи и одговорот за вашето спротивставување и несогласување со овој став, со овој член од законот што единствено е спорен. Значи, одговорот лежи во Бадинтер, односно во Бадинтеровото мнозинство потребно за донесување на закони кое да потсетам согласно Рамковниот договор, согласно Уставот на Република Македонија има предвидено кои закони се донесуваат според овој принцип.

Со тоа сакам да кажам дека вие цело време ја занемарувате реалноста во Република Македонија, или уште што е потрагично ги занемарувате утавните решенија предвидениво Уставот, измените на Уставот на Република Македонија, а цело време говорите популистички и потојано би сакал да се изразам, водите една политика на подметнување, правејќи не нас од владеачкото мнозинство предавници, себес си правејќи се наводни патриоти и притоа, постојано манипулирате со чувствата на граѓаните со интресите на граѓаните и ги доведувате во заблуда и ги ставате пред дилема.

Рамковниот договор духот и смислата на Рамковниот договор, суштината на Уставните измени, се сосема нешто друго. Значи тоа е одговорот на вашата забелешка дека наводно ќе се ускратела примената на непосредната демократија. Што да првиме, вие го поддржавте Рамковниот договор, го потпишавте, вие овдека како пратеници гласавте за измените на Уставот во кој е содржан Бадентеровиот принцип и сега не можете ниту да ја занемарувате реалноста ниту да се негирате самите себе си, бидејќи навистина, се доведувате во апсурдна ситуација и навистина, е наприфатливо на еден таков начин да бегате, да ја отргнувате од себе одговорноста која ја носат сите политички партии за иднината на оваа држава подеднакво, затоа што се овие крупни прашања и нема правење патриоти и предавници за вакви прашања, бидејќи со фателистичка пропаганда, навистина, нема да постигнете ништо. Јас верувам дека и граѓаните кои ја следат оваа дискусија ќе ги споредат тежината на аргументите, бидејќи пред се, се работи за правни аргументи, а она што вие сакате да го наметнете е политички популизам и ефтина пропаганда за партиски интереси, за кои што реков ќе повторам и по трет пат, навистина е грда сликата кога, иако не директно демократска беше дискусијата. Со размена на мислења, јас не се согласувам, меѓутоа ги почитувам вашите дискусии. Не може да не правите и да ја тргате одговорноста од себе дека сме ние предавници, вие наводно патриоти, дека некој некому постојано нешто му попушта, некој некому постојано дава. Таа приказна ја терате веќе три години во Република Македонија и навистина ни е смачено и здосадено. Може да кажете нешто ново, може да разговараме со правни аргументи, меѓутоа, извадете го Уставот, а не вадете политички памфлети и дисквалификации овде.

При сето тоа, сметам дека ја занемарувате реалноста, како што кажав пред малку и што е најбитно не нудите ниту решение, ниту пак го кажувате моделот или формулата како да го остварите она за кое вие се залагате, значи да не потои оваа одредба од членот 28, но истовремено, што е многу битно, а вие го одбегнувате цело време, да бидеме на теренот на правото и да овозможите и да направите со овој закон да се почитува Уставот.

Бидејќи вие тоа не го говорите, сега јас ќе кажам да ги отвориме дилемите, ќе изнесам хипотетичка варијанта која ја имате на располагање кога би говореле хипотетички и која е единствено легалистичка варијанта, а тоа е потпретпоставка да се побара да се промени делот на Уставот, кој го регулира во смисла на тоа каде што имаме ситуација, каде што евентуално за некоја иницијатива ќе се соберат 150 илјади потписи, Собранието, значи да се смени Уставот во смисла на тоа при таква ситуација, при 150 илјади потписи, не како досега, туку Собранието да одлучува со Бадинтеровиот принцип дали ќе има референдум или не, за оние закони кои се носат со Бадинтерово мнозинство овдека во Собранието. Меѓутоа, иако е таа легалистичка варијанта од демократски аспект јас воопшто не би ја поддржал, кога зборуваме хипотетички, затоа што е понедемократска и условно речено, не враќа назад, затоа што со тоа би ускратиле едно условно речено, стекнато демократско право Собранието задолжително, како што е и сега предвидено во Уставот мора да распише рефендум при собрани 150 илјади потписи. Но затоа, заради Бадентеровиот принцип предвиден во Уставот на Република Македонија е предвиден и ставот 3 од членот 28, кој предвидува дека за дополнителен референдум, за закони кои се носат со Бадинтерово мнозинство во Собранието, не може да се побара распишување на референдум.

Понатаму, доколку и бидејќи опстојувате на вашето спротивање и на ставот дека овој закон, бидејќи тоа беше и тежиштето на дискусијата,

дека наводно овој закон е неуставен, ќе ви кажам најмалку два аргумента кои се условно речено, во контрадикција со она вие што го говоревте.

Имено, на Комисијата за политички систем и Законодавно-правната комисија, каде што дискутиравме и разменивме ставови, вие гласавте воздржано. Значи, зошто на комисиската расправа не кажавте дека овој закон е против уставен и ако навистина, е против Уставен, зошто не гласавте против. Значи, имате дилема, или калкулирате, или како што реков претходно ја манипулирате јавноста и ставате во заблуда и пред дилема за ваши политички интереси. Тоа е едниот аргумент и

Вториот аргумент, доколку опстојувате на тврдењето дека овој закон навистина, е неуставен, тогаш навистина, се доведувате во една безизлезна и апсурдна ситуација, бидејќи според тоа, произлегува ако вие така мислите дека и самиот устав врз основа на кој се носи овој закон и врз основа на кој е содржан Бадентеровиот принцип, дека и самиот Устав е неуставен, што навистина, е нон-сенс вака терминолошки да се каже, меѓутоа, од вашите дискусии јас единствено тој заклучок кој е апсурден можам да го извлечам дека имаме неуставен Устав. Не може да биде неуставен Устав, затоа што и вие овдека го поддржавте кога ги носевте измените на Уставот. Тоа се апсурдите, или парадоксите кои сакам да ги прокоментирам и кои произлегуваат од вашата дискусија. И да не должам на крај би напоменал, за жал, ќе потенцирам за жал, еден своевиден реалитет, или незнам како да го наречам, барем според она кога го чув јас и како што јас ја сфатив дискусијата, да не бидам погрешно сватен, дека јас наведувам на нешто, или вадам од контекст и тоа од еден пратеник за жал ќе речам од владеачкото мнозинство, кој не само што ни одржа теоретски и историски лекции за тоа што значи непосредна демократија, туку се отиде во дискусијата и до таму што ни се нудеа примери за демократија, посочувајќи ги некои негативни личности од светската историја како што се Хитлер и Мусолини. Но тоа е демократијата, така да од тој аспект, како што пратеникот се залага за демократија, јас ја прифаќам таа дискусија, иако не се согласувам. Благодарам.

**Љупчо Јордановски: Г**оспоѓа Лалчевска имате реплика имате три минути.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам господине претседателе.

Би сакала да му реплицирам на колегата Кондарко, бидејќи тој во целото свое обраќање користеше вие, значи разбрав јас опозиција, бидејќи сум дел од опозицијата, повикана сум да разјаснам некои работи во неговииот говор.

Прво, околу уставноста на овој закон, јас лично тврдам и тврдев во својот говор дека се сомневам во Уставноста, во усогласеноста на Законот со Уставот. Еве вака сега ќе почнам, за да докажам зошто се сомневам. Со аргументи, бидејќи така бараше и господинот Кондарко.

Амандманот 17 пишува вака: "во единиците на локалната самоуправа, граѓаните непосредно и преку претставници со референдум и други облици на изјаснување и непосредно преку свои избраници во власта, учествуваат во одлучувањето за прашања од локално значење,особено во областите на јавни служби, урбанизам, рурални и тн., меѓу кои се споменуваат и култура, образование, здравствена заштита, итн.".

Одиме понатаму, во Предлогот на законот во членот 40 став 2, дополнителен референдум на локално ниво не може да се распише за прашања за кои Советот одлучува со мнозинство гласови од присутни членови на Советот, при што мора да има мнозинство гласови од присутни членови на Советот кои припаѓаат на заедниците, што не се мнозинство итн., значи Бадентерово мнозинство, се исклучуват прашањата кои се донесуваат со Бадентерово мнозинство. Сега сите тие работи да ги поврзиме со амандманот 10 во неговиот став, точка 2, вели: " за закони кои директно ги засегаат култуа, образование, претходно ги прочитавме, лични документи, употреба на симболи, собранието одлучува со мнозинство гласови". Значи од ова може да се види дека она што исклучува членот 40 став 2 од предлогот на закон е директно спротивно со она што се регулира во амандманите 17 и 10, точка 2. Тоа е околу сомнежот за усогласеност со Уставот. А зошто воздржани колега, затоа што, јас гласав воздржано, затоа што принцип и правило е, ако се поддржи предлогот, тогаш Владата во втора фаза го враќа во идентична верзија. Затоа бев воздржана. А не бев против затоа што другите делови од Предлогот на законот се во ред. Спорни се само овие две одредби. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Кондарко една минута.

**Борис Кондарко:** Апсолутно немам никаква замерка на вашите сомнежи. Ние разменуваме мислења, го кажав моето, а вие и моите аргументи, вие имате право да се сомневате, се разбира, тука е Уставниот суд, ако има потреба ќе ги реши таквите дилеми. Во секој случај, суштината на моето размислување и аргументи што беа изнесени во дискусијата е дека не може овој закон да биде неуставен, ако нешто што е принцип предвиден во Уставот се применува при донесувањето на овој закон. Тоа е Бадентеровиот принцип на гласање на законите.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседастеле, почитувани колеги во старт ќе треба да му одговорам на господинот Кондарко. Многу често се случува во овој Парлемтн да имаме многу пријавени и наеднаш да стсигнеме дека никој нема пријавен, претседателот да ја затвори седницата. Тоа е ваше право, право на позицијата и тоа го користите. Дали го злоупотребувате ќе кажат граѓаните. Ние сме тука

да говориме и мислам дека говориме. Сигурно дека нашата дискусија нема да биде мотивирана од она што вие го кажавте. Јас ви кажав ако ме убедите и ќе се откажам од мојата дискусија со вашите аргументи. Но, очигледно дека постои прва фаза. Нормално сите имаме различни видувања и да ги искажеме оние видувања кои што во моментов претпоставувам дека Владата ќе ги земе предвид и Министерството за правда наредниот пат ќе има предвид се она што го кажа и позицијата, претпоставувам, бидејќи господинот Јанаќи Витановски имаше доста забелешки од комисиската расправа и од денешната расправа и дел од нив се и мои забелешки што нема да ги повторувам денес. Но, во секој случај, во прашање е опозицијата, затоа што и со самиот рефererндум доаѓаме воситуација да имаме ограничување. Тоа е Бадинтеровото правило, но, никој да не ја заборави и опозицијата.

Во една држава, кога се носат закони и кога треба да се одлучи референдумски, значи граѓаните ние не можеме да ги поделиме на позиција и на опозиција, тие се граѓани на Република Македонија. Секој од нив има право да си го каже сопствениот глас, за разлика од она што ни се случувало на некои референдуми досега, освен првиот на кој што и самите знаеме како беше донесен и колку тука борба се водеше во Парламентот, за да се додадат уште две или три реченици, кои што и денес како опашка се влечат по тој референдум и кои што многу од пратениците кои тогаш го гласале, можеби денеска се срамат и ние како држава до денешен ден секако, ќе бидеме повикани, затоа што тоа сме го направиле. Но, тоа е завршено, тоа беа почетните чекори на демократијата во Република Македонија, тоа беше нешто за кое што граѓаните го кажаа својот глас и застанаа зад она што тогаш беше право.

Јас како многу пати досега, не би сакал многу политички да говорам во однос на она што тука е пред нас. Сакам да се обратам врз основа на она што е Предлог на законот, значи по членовите од законот и да ги искажам моите сомнежи и забелешки во однос на она што тука ни е презентирано и претпоставувам дека ако ова биде закон, а тоа ни се случувало со многу закони за кои што опозицијата искажала многу забелешки, но и во втората и во третата фаза тие закони поминале со мнозинството, со 61 глас колку, биле, некогаш и 40 гласа. Тие закони сега некој се обидува да ги инкорпорира, се обидуваат да почнат да владеат со тие закони, но тоа тешко оди, затоа што забелешките не беа прифатени.

Мислам дека основното право што е загарантирано со Устав, со овој закон ние сакаме да го прекршиме. Значи она што го дозволува Уставот, ние со закон не можеме да го забраниме. Јас и покрај тоа што не сум правник, мислам дека она што е основно право на граѓаните, тоа еднаш се прекрши и 220 илјади потписи кои што беа собрани 1994 година не даваа за право да се распише референдум од Парламентот на Република Македонија и граѓаните да го искажат своето уставно право. Зошто тоа беше така, мислам и денеска треба некој да црвенее, дали овие закони, што сега ќе ги донесеме и што ќе ограничиме многу правила и права и можности за кои што понатаму треба да одлучуваме, ние како граѓани на Република Македонија сме тие што во моментот одлучуваме и пресекуваме. Тука можеме да се донесеме сите заедно во една многу тешка ситуација за било кој закон понатаму што е донесен, како што кажавме од сферата на образованието, културата, од употребата на симболите, од личните документи и многу закони кои што се предвидени со Охридскиот договор. Ние едноставно, како граѓани на Република Македонија да бидеме врзани и едноставно, да не можеме да го дадеме своето мислење и својот глас, дали сме за тоа, или не сме за тоа.

Сега, доаѓаме до едно друго правило кое што може да направи една друга ситуација, за која што никој од нас не говори, но сите потајно, еве да не кажам дека се сомневаме, или се плашиме, но во секој случај можете да дознаете и тоа, дека ако некој каже по секое донесување на ваков закон или правило, ако не биде ова, ќе биде војна, или ќе биде како што ние сакаме и мнозинството некогаш ќе може да го каже тоа и со право ќе побара во сопствената држава да го има правото на одлучување, што е сосема нормална ситуација секаде во светот, се разбира освен кај нас. Затоа, овој момент е многу клучен и многу критичен. Затоа што на ваков начин, доколку дозволиме со прекршување на Уставот, ние како опозиција посебно што можеме да побараме е изјаснување на Уставниот суд на Република Македонија, да го каже својот глас дали на крајот овој закон е против уставен и едноставно, да донесе решение дека овој повеќе не е важечки, но со тоа што во меѓувреме можат да поминат некоку закони клучни од оваа сфера, која што како што кажа господинот Кондарко е донесено со Охридскиот договор.

Сега, кога е во прашање Охридскиот договор, на кои што цело време се повикуваме и врз основа на кој Охридски договор донесовме во овие три години многу закони, јас ќе прашам дали тоа е она што значи Куран, дали е тоа нешто што никогаш не ќе може да се промени во Република Македонија, дали го земаме правото на нашите деца, на нашите внуци, да одлучуваат еден ден во однос на онаа ситуација што тогаш ќе биде во Република Македонија. Охридскиот договор, сите сме свесни на кој начин во која ситуација и кога беше потпишан.

И забораваме уште нешто: Кој го потпиша тој договор. Во оваа ситуација, господинот Кондарко, многу добро кажа, дека никој не смее да бега од одговорноста. И ние сме тука. Само заборавате две големи работи.

Едната работа е, кога го потпишувавте договорт, вашата партија беше во коалиција со тогашната ВМРО-ДПМНЕ кај премиерот Љубчо Георгиевски. Значи тоа е првата работа од која што никој пат

не ќе можете да избегата, без разлика што и како сте кажувале.

Втората работа за која што исто така сносите одговорност, се изборите од пред 15 септември 2002 година, кога многу јасно кажавте на сите трибини, и покрај тоа што ве повикувавме многу јасно, да кажете дека нема да направите коалиција со ДУИ, вие тоа го направивте и тоа веднаш после изборите. Значи ги излажавте вашите тогашни гласачи, дека никогаш со луѓето што ги окрвавиле рацете нема да направите коалиција, вие ја направивте и функционирате во овој Парламент три години, дали како заложници, дали како коалициони партнери, тоа е веќе ваша одлука и тука не можеме да ви се мешаме. Но, одговорноста, сепак, господине Кондарко е ваша.

И трета работа, вие исто се боревте во редовите на регуларните единици, дали тоа била Армијата на Република Македонија, или Полицијата на Република Македонија како партија и како министри во тоа време против луѓето што седат сега во овој Парламент. И сега наеднаш повторно одговорноста треба да ја преземе опозицијата, затоа што не била одговорна. Ние сме одговорни, ние сме тука...

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски, мислам дека рековте и трета работа. Еве, нека се тоа тие три дигресии, а сега вратете се на законот. Ако реплицирате на господинот Кондарко, тогаш можевте да се јавите за реплика. Ве молам, зборувајте за законот.

**Спиро Мавровски:** Не, не би сакал двапати да ја злоупотребувам говорницата.

**Љупчо Јордановски:** Зборувајте во врска со законот ве молам.

**Спиро Мавровски:** Да, и ова што го кажуваше господинот Кондарко беше во врска токму со законот за Охридскиот договор и токму тоа го кажувам. Мислам дека него не го предупредивте.

**Љупчо Јордановски:** Не, јас не бев тука.

**Спиро Мавровски:** Говореше за одговорноста на политичката опозиција во овој момент и јас мислам дека зборувам токму за Охридскиот договор во однос на она што значи референдум и токму од тука произлегуваат овие ситуации, за кои ќе проговориме сега конкретно во врска со Предлогот за донесување на закон.

Јас би почнал со членот 7, став 3 во кој се вели: "Никој не може да биде повикан на одговорност за гласање на референдум". И ова како законско право е многу убава работа внесена во закон. Сега ќе прашам што со овие што направиле притисок врз овие што гласале. Значи гласачите што излегле на референдум, некои, се избркани од работа, некои се процесирани, со некои незнам што се случило, дали воопшто со овој закон некаде предвидуваме власта која ќе ги нарпави тие ситуации да има некаква одговорност, или поединци кои вршат притисок и за кој притисок ќе можеме да докажеме дека постои. Во овој закон таква работа не видов и не гледам. Значи, ние треба да кажеме дали е ова регуларно, или треба да направиме нешто друго што ќе ја промени оваа ситуација.

Понатаму, во членот 8 став 2 се вели: "Одлуката донесена на референдум за одлучување е задолжителна". Значи таа е задолжителна и стои дека референдумот може да биде и е општо право на граѓаните. Во овој закон се вели и дека Одлуката донесена на референдум е задолжителна и понатаму доаѓаме во состојби кои ќе ни направат проблеми.

Понатаму, во членот 9 стои: "Називот на прописот односно прашањето или прашањата за кои граѓаните одлучуваат на референдумот" - тоа е ставот 3 и во ставот 5 се вели: "Референдумското прашање или прашања, односно еден или повеќе предлози за кои граѓаните одлучуваат", мислам дека треба да бидат строго прецизно утврдени, затоа што очигледно е дека не само на референдумот, туку и во останатите ситуации на гласање се злоупотребува, со тоа што имаме многу од она што сме очекувале да биде регуларно, прецизно и точно, да се јавуаат многу неточности или намерно направени работи во тие гласачки ливчиња, кои доведуваат до тотална конфузија и се случува 10% од гласачките ливчиња да бидат нерегуларни, што за една демократска држава која покажува многу мал степен на неписменост претставува многу голем проблем. Значи овде мора да дефинираме, ако треба и со закон или подзаконски акт како би изгледале тие ливчиња и тоа да биде еден стандард што ќе биде презентиран на граѓаните на Република Македонија, а за секој референдум само се менува референдумското прашање, додека сето друго останува исто. Затоа, да немаме никаква забуна.

Во членот 12 став 2 се вели: "Јавната пропаганда за референдумот мора да заврши најдоцна 48 часа пред денот на гласањето". Ако ова се парламентарни или локални избори, тоа би го прифатил. Но, за еден референдум кој што може да се однесува на она што значи локална самоуправа или она што значи добивање во Законот за екологија, дали сме против или за нуклеарна електрана или некоја радиоактивна депонија која ќе се гради, што е причината 48 часа пред тој референдум да биде прекината пропагандата. Апсолутно не гледам никаква причина и мислам дека и на самиот ден на гласање на граѓаните нема потреба од вакво ограничување. Кој и зошто го направил ограничувањето не знам, или тоа се однесува за парламентарните и локалните избори, па тоа е препишано тука во овој член, но мислам дека апсолутно нема потреба од таков член.

Понатаму, во членот 13 став 3 стои: "Гласачкото место на кое гласале сите граѓани запишани во изводот од избирачкиот список може да се затвори и пред истекот на рокот од став 1 од овој член", а во ставот 1 се вели дека референдумот започнува во 7,00 часот наутро и трае непрекинато до 19,00 часот. Јас мислам дека тука не е комплетно дефинирано зошто би се

затворило гласачкото место, дали причината е упад, кршење на кутија, завршено гласање, мислам дека тие ситуации треба да се набележат во ставот 3 и да знаеме зошто некаде може да се прекине. Врз основа на овој став едноставно давате можност некоја изборна комисија во 15,00 часот да замине од местото, затоа што тоа е гласачко место на кое гласале сите граѓани. Тука треба да прецизираме. Значи имаме ситуации кои се случуваат надвор од ова што сите граѓани гласале, значи прекин поради интервенција и друго, но таа ситуација никаде не е дефинирана. Мое размислување е дека треба да биде така.

Во членот 20 став 2 - говореше колегата Јанаќе, кој бидејќи не знае каде е опозицијата сега седна заедно со нас и изгледа најде каде е опозицијата - "Собранието распишува референдум на државно ниво по сопствена иницијатива и по предлог на најмалку 150 илјади граѓани". Ова што го кажа за 150 илјади граѓани е во ред, но мислам дека треба да има едно дополнување по сопствена иницијатива, значи на предлог на Собранието на предлог на еден пратеник, како што стои во досегашниот Закон за референдум. Тоа е пропуштено и тоа е моја забелешка, па како што велиме " ако пие вода, се е во ред".

Понатаму во членот 23 се вели: "Референдум на државно ниво се распишува за усвојување на одлука на Собранието за менување на границата на Република Македонија". Јас мислам дека и ова е една уставна категорија и границата на Република Македонија апсолутно никој не смее да ја промени, посебно не ова Собрание и после тоа референдумот кој ќе го распишеме врз основа на закон или одлука на Собранието. Значи територијалниот интегритет, мислам, можеби грешам, е загарантиран со Уставот на Република Македонија и тука, понатаму, паѓаат во вода уште неколку закони за кои треба да одлучуваме, а после тоа да дадеме право на граѓаните да го кажат својот глас дали се за менување на границите на Република Македонија. Мислам дека ова е многу сериозна работа, која за мене апсолутно не е во ред.

Во членот 26, став 2 се вели: "Дополнителен референдум може да се распише за преоценување на закон што претходно е донесен" и тоа во моментот функционира. Еден од тие закони е Законот за Електростопанство на Македонија, кој до Собранието на Република Македонија е поднесен на 15 февруари. Денес е веќе 16 јуни, значи поминале четири месеци. Тука говориме за некои рокови, на кои ќе ве потсетам, а ние четири месеци не дадовме можност ова Собрание и вие како пратеници на Собранието на Република Македонија да ја искажете вашата определба дали треба да имаме референдум во врска со Електростопанство на Македонија и продажбата или не треба да имаме. Значи оставам на претседателот, таа седница може само тој да ја закаже по повод моето барање...

**Љупчо Јордановски:** Веднаш да ве израдувам, на следната седница е таа иницијатива.

**Спиро Мавровски:** Добро, значи време беше, поминаа четири месеци, да ни кажете можеби немаше да ве потсетувам. Но вие сте ја работеле вашата работа и тоа го поздравувам.

Но ние со Закон исто така кажавме дека сме донеле многу одлуки, за кои тука споревме и за кои исто така и јас мислам дека имаме проблем и тој проблем не смееме да оставиме на овој начин да се решава. Тоа се законите кои тука сме ги донеле или ќе ги донесеме според Охридскиот договор, кој претставува се, значи тука е нашиот проблем и дали на тој начин не си го земаме самите правото или не им гоземеме правото на граѓаните на Република Македонија да го искажат својот став и во однос на образованието и во однос на јазикот, и во однос на образованието и културата, за што тука долго време споревме и на крајот видовме од она што беше кажано дека апсолутно се се реализира, и покрај тоа што некој не убедуваше дека тоа нема да биде така, ќе функционир апо тој Закон, а тој Закон многу тешко да се реализира.

И сега доаѓаме до членот 28. За мене не само ставот 3, кој апсолутно е неприфатлив и тоа е тоа што го крши Уставот на Република Македонија, и во ставот 1, каде што "Референдум на државно ниво не може да се распише за прашања што се однесвуаат на Буџетот на Република Македонија и завршната сметка на Буџетот", сега имаме за јавните давачки, за прашања на изборите. Кај јавните давачки доаѓаме во ситуација било која влада да може да ги определи и самата, тука парламентарното мнозинство да ги изгласа и граѓаните да дојдат во ситуација едноставно да не можат да си го кажат својот збор. Од друга страна, не ќе можат да ги плаќаат со ова темпо како што се одвива економскиот развој во Република Македонија и ниту ќе можат да се искажат на референдум, ниту ќе можат да ги плаќаат тие средства и ќе ги доведеме во состојба поголемиот дел од нив кривично да одговараат. Тоа е едната работа.

И втората работа, се однесува на прашањата за изборите. За прашањата на изборите во моментот една од опозиционите партии ја немаме во Парламентот токму поради изјаснување во врска со прашањето на изборите. И покрај тоа што сакаме да декалрираме демократичност и право и извршување на овие парламентарни локални избори дека се е во ред, дека тие се одвиваат како што треба, и Европската унија и сите оние што доаѓаат во Република Македонија ни укажуваат дека сме далеку од таа демократија, па затоа се доказ пукањата, кршењата, невлегувањето во многу локални територии на Република Македонија и тоа е многу далеку од демократичноста која што сакаме да ја презентираме.

Значи, останувам на тоа дека членот 28 став 3, исто како и сите стручни луѓе во државата кои се искажале досега, и јас како опозиционен пратеник, мислам дека овој член 28 став 3 треба

да биде избришан, затоа што ќе биде спротивен на она што значи Устав на Република Македонија.

Понатаму во членот 29 став 1, за кој пред малку елаборирав, се вели: "Одлуката за границата на Република Македонија" и тоа мора да отпадне. Значи првиот дел, првиот став за мене е неприфатлив, затоа што Македонија е држава која има и територијален интегритет и суверенитет и сега страшното е што ние се повикуваме на членот 40 став 2 од Законот за локалната самоуправа, каде што ние како Македонци ќе го имаме тоа право во локалната самоуправа каде што ние ќе бидеме мнозинство од 20% да имаме право да не дозволиме да се распише таков референдум. Во една држава ако стигнавме до таму и ова да биде основниот демократски критериум на кој ќе се повикуваме, а некој се повикува цело време дека ако не биде тоа, дури тогаш ќе биде многу страшно, за мене е тотално неприфатливо и референдумот мора да биде за сите граѓани на Република Македонија, без разлика на нивното етничко потекло, кој од каде доаѓа, секој мора да го искаже она што го мисли.

Понатаму, членот 32, еден од ставовите што тука е напишан мене ме иритира и или ќе треба да кажеме до кога, бидејки тоа е поврзано со демократијата во Република Македонија директно, или пак ќе останеме она што е Мозамбик или да не потценам некои други држави во светот, каде што стои "го пропишува видот на средството со кое се одбележуваат и проверуваат лицата кои гласале, УВ лампа, спреј и графитно перниче". Господа, сега јас ќе прашам до кога. Имаме некое видување, ако е во тоа демократијата, ако во цел свет тоа го прават, луѓето почнале да гласаат по интернет, ние одиме некој да не прска со спрееви, па ако не забрише добро, ако не има едно извини по некој пат, некој пат и тоа го нема. Потоа и членот 42 каде апсолутно не говорите за оваа ситуација каде овој референдум е на локално ниво. Дали тогаш некој ќе ве прсне во око или ќе ве одбележи со нешто за да знаете дали сте гласале или не сте гласале. ЗАначи имаме ситуација на државно ниво, имаме ситуација на локално ниво. Дали тоа е истото или за ова имате некое време после кое ќе кажеме дека Република Македонија има демократски избори и повеќе нема да ни се потребни ни лампи, ни графитни перничиња, ниту прскање, ниту одбележување со нешто по рацете, да видиме до каде, кога и колку пати кој гласал, а некаде имаме и по 102% гласање и сега не знаеме колку пати е прскан некој или пак нашол средство како да го елиминира сето тоа.

Понатаму, во однос на она што значат временските рокови, ние си даваме некое право дека со овој закон како ќе го донесеме, а знаејки како функционираме, дека сето тоа ќе биде многу идеално и дека се тука ќе биде како што треба. Значи избирачките одбори се формираат најдоцна 20 дена пред денот предвиден за одржување на референдумот на државно ниво. Тоа да биде и преку 30 дена, пак не ќе можеме да знаеме дека тоа ќе биде точно. А во членот 37, став 2 се вели: "Од денот на објавувањето на одлуката за распишување на референдум до денот на одржувањето на референдумот на локално ниво не може да поминат помалку од 15 ниту повеќе од 30 дена". Знаејки локалната самоуправа како функционира и колку можности има во овој момент, ако некој побара таков референдум, барем за мене 15 дена се премалку и овој период треба да биде од 30 до 45 дена најмалку, освен за оние ситуации кои треба да ги нагласиме во законот, за кој ќе треба итност можеби помалку од две недели. Се разбира, тоа го имате предвидено во однос на некои, да не даде Господ, катастрофални ситуации.

Понатаму, во однос на она што значеше инфорамција и ова што го гледаме во моментот за резултатите, тоа се член 53 и член 54, објавувањето на резултатите од сето она што се случуваше до сега на избори понекогаш и после два, три дена не знаеме што, кој, каде и колку гласал, дали гласале и секогаш добивавме некоја инфорамција од Државната изборна комисија со 12% од проверени гласови, 15%, поминале два дена, ние уште сме до 60%, а тука кажуваме 24 часа откако ќе заврши гласањето и избирачкиот список ќе биде донесен до изборнит еодбори, тие ќе го објават резултатот. Или да си дадеме повеќе време или пак луѓето што ги спроведуваат овие избори едноставно да си го заработат своето избирање, да го оправдаат, затоа што тука се согласувам со господинот Витановски, дали овие изборни одбори се истите што ги спроведуваат парламетнарните и локалните избори или ова ќе бидат изборни одбори специјални за референдум, кои ќе ја извршуваат оваа работа, затоа што се далеку или не се воопшто со ова што го има.

Во однос на членот 66 - граѓанска иницијатива на државно ниво се покренува на предлог на 100 граѓани, ставот 1 и членот 75 - граѓанска иницијатива на локално ниво се покренува на предлог на 100 граѓани, мислам дека тука треба да има некоја измена затоа што за еден предлог на државно ниво за кое и понатаму ќе се покрене цел механизам кој ќе ја дозволи или нема да ја дозволи ова што значи граѓанска иницијатива, мислам дека овој цензус на гласачи треба да биде поголем во однос на она што значи гласачи на локално ниво.

Значи, ова се моите забелешки во однос на ова што е прво читање на Предлог на законот со кој се регулира донесување на закон за референдум и други облици за непосредно изјаснување на граѓаните чии претставници се Мери Младеновска, министер за правда и Субхи Јакупи, заменик министер.

Овие забелешки мислам дека ќе бидат земени во предвид, се надевам дека во втората фаза, во второто читање на овој закон дел од нив ќе ги има, дел за кој мнозинството во Република Македонија на она што значи стручни луѓе кои се искажуваат во однос на уставното право и она што значи референдум во Република Македонија,

мислам дека ќе го земат тоа право и ќе променат дел од овие членови. На тој начин ќе стигнеме до она што јас го очекувам дека Охридскиот договор нема да биде рамка по која секогаш ќе носиме закони, еднаш да завршиме, да почнеме демократски да одиме напред и да почнеме да се движиме во правецот на економскиот развој. Оваа политика што сега некој ја припишува на опозицијата, очигледно три години направи еден голем застој во Република Македонија во однос на она што беа ваши ветувања, тоа не го исполнивте, но тука се граѓаните, тие гледаат, ќе кажат што и како се случува и како ќе се случува, но во секој случај моето видување, ова што кажувате дека треба закон за референдум - треба и тој ќе треба да го донесеме, но јас уште еднаш ќе ги повикам господата од позицијата, единствено нешто што сега во овој момент ни треба тоа е кохезија, ни треба единство на внатрешен план за да можеме да ги реализираме правата на Република Македонија и во однос на Европската унија и во однос на нашите соседи и во однос на се останато.

Доколку секој ја сака Македонија на свој начин, тоа нема да го постигнеме и генерално се уверивме дека е така, значи останува не секој да ја сака на свој начин како што мисли дека е најдобро затоа што само сите заедно и со цел, доколку имаме цел, мислам заедничка, Република Македонија да се движи напред, тогаш е се во ред. Сето останато ќе остане само гола политика.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Мавровски.

Повелете господине Макрадули, реплика од три минути.

**Јани Макрадули:** Ако сакаме или да продолжам со она што господинот Мавровски го кажа на крајот, повика на кохезија, ако сакаме да работиме во интерес на граѓаните, интересот на граѓаните 90% кажува дека сака да оди во Европската унија. Патот кон Европската унија е даден со европското партнерство договор помеѓу Македонија и Европската комисија, а прв критериум во тоа европско партнерство е имплементацијата на Охридскиот рамковен договор. Да не оставаме простор дека нашите деца или идни деца можеби ќе го сменат, тоа е патот кон Европската унија. Затоа голата политика ако зборуваме за Европската унија, а не го почитуваме првиот политички критериум - имплементација на Охридскиот рамковен договор. 90% од граѓаните бараат да одиме во Европската унија и тоа мораме да го направиме тука.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Мавровски, една минута.

**Спиро Мавровски:** Господине Макрадули како што сме тргнале да одиме кон Европската унија ќе ни биде многу тешко да стигнеме вака, не 90%, туку 150% од граѓаните на Република Македонија тоа да го сакаат, никој нема да ве сака со 100 или 200 евра плата за да стигнеме во Европската унија, а Охридскиот одговор мислам дека конечно е имплементиран и ако понатаму се задржуваме само на Охридскиот договор и наредните десет години верувајте ми дека никој нема ни да не повика, а не да не прими во Европската унија.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Рамадани, вашите три минути.

**Исмет Рамадани:** Благодарам почитуван претседател.

Јас сакам да му реплицирам на господинот Мавровски во делот каде остава впечаток дека го негира Рамковниот Охридски договор во неколку сегменти од тој договор. Истовремено се повикува на тоа сите заедно во единство, но не го разбрав во какво единство не повикува, единство на граѓаните, без оглед на нивната национална и верска припадност или не повика на некое друго единство.

Јас би му сугерирал дека секое настојување за да излеземе на друг простор каде треба да се соочат национализмите и мајоризациите, сигурен сум дека нема да бидеме многу далеку до европските интеграции и жалам можеби не се дава можност да учествувам на округли маси каде треба да ги слушнеме пораките испратени од Европската унија и Соединетите Американски Држави каде децидно се вели што треба да направиме за да утре имаме позитивен одговор за нашата кандидатура во Европската унија.

Попусто е и денес освен Мавровски и другите сите кои настојуваа да излезат на простор каде доаѓаат до израз прашањата кои имаат националистички предуслови, мислам дека оваа работа не не води напред и понатаму со вакви дискусии и со вакви говори ќе ја измориме Македонија и граѓаните на Македонија и нема да го фатиме чекорот кон европските интеграции.

Мајоризација со референдум секогаш има можност да се направи и ова може да го направи мнозинскиот народ. Но, тие одлуки кои ќе се донесат со референдум користејќи ја мајоризацијата и мнозинскиот народ треба да знаеме дека другиот дел кој е во малцинство нема да ги прифати тие одлуки доколку ги зачнува нивните интереси и паѓа Бадинтеровиот принцип.

Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски, повелете една минута.

**Спиро Мавровски:** Јас би го прашал господинот Рамадани со кој референдум во Република Македонија во 1990 година беа загрозени правата на националните малцинства за да можеме да стигнеме во таква ситуација да го потпишеме Охридскиот договор, а ова што ве повикувам на единство, сите ние на крајот на краиштата како граѓани на Република Македонија живееме во Република Македонија и вие самите кажувате дека ја сакате оваа држава исто како нас. Токму е тоа принципот на кој ние ќе им објасниме и на Европската унија и на Соединетите Американски

Држави, а не кој да се повикува на политичка одлука воопшто никој да не излегува или да излеземе 105% да гласаме на било кој референдум.

Ете, тоа е повикот и мислам дека сето тоа ќе го прифатите како такво и без разлика, ова е сепак Република Македонија и ние сите сме граѓани на Република Македонија.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Апостоловски, имате збор.

**Никола Апостоловски:** Благодарам господине претседател, почитуван заменик министер, почитувани колеги.

Навистина два дена дискутираме, затоа ќе ја скратам дискусијата, сакам да укажам на неколку работи.

Прво, дека Уставот на Република Македонија ги разработува облиците преку кои граѓаните ја остваруваат власта и тоа преку демократски избрани претставници, по пат на референдум и други облици на непосредно изјаснување.

Од овде произлегува дека е неспорна потребата од донесување на ваков закон со кој ќе се прецизираат и разработат сите прашања и начинот на остварување на власта преку референдум и други облици на лично изјаснување.

Во изминатиот период правото на остварување на власта на граѓаните беше регулирано со два закона и тоа Законот за постапка за собирање на потписи на избирачи за предлагање на донесување Закон за распишување на референдум и за поднесување Предлог за пристапување кон измени на Уставот на Република Македонија и законот за референдум и граѓанска иницијатива.

Со донесувањето на Законот за локална самоуправа од 2002 година како системски закон во членот 25 став 1 му се посветува посебно внимание на референдумот и други облици на непосредна демократија каде граѓаните непосредно учествуваат во одлучувањето за прашања од локално ниво и значење преку граѓанска иницијатива и собири на граѓани.

Од оваа одредба јасно и недвосмислено произлегува потребата дека прашањата сврзани со непосредната демократија на граѓаните на локално ниво во единиците на локалната самоуправа да се уредат со посебен закон од една страна, а од друга страна постоењето на досегашните два закона што ја регулираа оваа област не беше најдоброто решение. Добро е што овој закон оди во повоеќе фази, па со тоа ќе овозможи во него да се вградат сите забелешки и сугестии што се во функција на подобрување на овој текст. Јас од моја страна имам две сугестии односно забелешки на текстот на Предлогот на законот и тоа мислам дека и колегата Витановски ни укажа, а тоа е во Глава IV утврдување на резултати од референдум член 52 точка 4 каде стои цитирам: "ако записникот не е потпишан од мнозинството членови на општинската изборна комисија, записникот го составува и потпишува општинската изборна комисија врз основа на целокупниот гласачки материјал". Очигледно дека оваа одредба е нејасна и сугерирам истата во втората фаза да се допрецизира.

Втората сугестија, во Предлогот за донесување на законот точно е утврдено начинот на донесување на одлуките за референдуми на државно и локално ниво, но во него не е конкретно кажано како се утврдуваат резултатите на државно ниво. Притоа во членот 57 се укажува дека утврдување на резултатите од гласањето на референдумот на локално ниво соодветно се применуваат одредбите од овој закон што се однесуваат на референдум на државно ниво, но тие не се утврдени.

Предлагам да се допрецизира овој член, да се допрецизира утврдувањето на резултатите на државно ниво како би се отстраниле сите дилеми во кои би се нашле органите за спроведување на референдум при практична примена на законот.

Почитувани колеги, поаѓајќи од изнесеното дека овој закон ја регулира непосредната демократија како уставно начело и неприкосновено право на граѓаните да одлучуваат за прашања од нивен интерес, ќе го поддржам донесувањето на овој закон.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓо Иванова, имате збор.

**Цветанка Иванова:** Ви благодарам господине претседателе, јас не мислев да земам збор по оваа точка на дневен ред, меѓутоа, затоа што како претседател на Законодавно-правната комисија сите овие мои мислења, сугестии и забелешки кои ги имав по законот ги искажав на Комисијата и бидејќи јавно се пренесуваат и тие седници, сметав дека нема потреба од повторување на истите забелешки, меѓутоа, веќе два дена се води дискусија по овој закон и добро е што се води затоа што се работи за еден закон кој уредува едно многу важно прашање како што го уредува прашањето односно обликот на највисоката демократија тоа е референдумот и граѓанската иницијатива.

Значи, за потребата нема да зборувам затоа што е неспорна, бидејќи истиот овој став го искажаа и членовите на Комисијата од опозицијата затоа што потребно е навистина оваа материја, многу важна за нашиот правен систем, да се унифицира. Потребно е да се решат сите овие правни празнини кои во практика ни се покажаа при последниот референдум и на крајот на краиштата потребно е навистина со овој закон да се доуредат многу прашања кои се значајни.

Меѓутоа, она што ја предизвика мојата дискусија е мислењата изнесени во овие два дена од страна на пратеници посебно од опозицијата околу неуставноста на одредбата од член 28 став 3 од Предлогот за донесување на закон.

Почитувани колеги јас сите дискусии со внимание двата дена ги следев, ама без исклучок на сите пратеници од опозицијата целата дискусија беше фокусирана точно на ставот 3 од членот 28 и членот 40 од законот.

Она што малку ме охрабри е дискусијата на последниот дискутант кој навистина даде сериозни забелешки по однос на законот и ова ми дава за право да мислам дека навистина се дискутира од страна на опозицијата точно на овие два члена затоа што со овие два члена може популистички да се делува и тука се будат разни чувства кај народот и навистина дискутирајќи по овие два члена се допира до гласачите.

Меѓутоа, јас би сакала мојата дискусија да ја дадам од правен аспект. Ќе почнам од почетокот од членот 8 став 2 од Уставот каде се утврдени темелните вредности и каде што со ставот 2 е предвидено дека се што со Уставот и законот не е забрането во Република Македонија е дозволено.

Понатаму, за да преминам на членот 73 и 74 кои содржат одредби за референдум. Во членот 73 и 74 е утврдено кој одлучува за распишување на референдумот, кога задолжително се распишува референдум и како се донесува одлука за референдум, што значи дека во Уставот нема ограничување за кои прашања може или не може да се распише референдум. Аналогно на тоа оваа материја е законска материја.

Значи, за што ќе распишеме задолжителен референдум? За кои прашања нема да распишеме референдум ќе го уредиме со закон.

Она што како дилема се јавува оддеднаш дека само ставот 3 е спротивен на Уставот односно дополнителен референдум на државно ниво да не може да се распише за прашања за кои Собранието одлучува со мнозинство на гласови од вкупниот број или закони кои ги донесуваме со Бадинтерово мнозинство би го искажала следното:

Доколку се сомневаме дека овој став е спротивен на Уставот, тогаш не би бил и првиот став спротивен на Уставот. Значи со закон се уредуваат прашањата кои се од витално значење за државата и кои државата забранува, со закон, да се распишува референдум по одредено прашање.

Е, сега, кои се бурните реакции за ставот 3? Со уставниот Амандман X ставот 2, утврдено е Бадинтеровото мнозинство како заштитен механизам на припадниците на малцинските заедници. Тука мене совршено ми е јасно дека мнозинство на донесување на закон и референдум се два различни института.

Меѓутоа, почитувани колеги, што ако донесуваме закони, почитувајќи го Бадинтеровиот принцип кој сите знаеме на кој начин станал уставен член за подоцна со друг закон, Закон за референдум каде ќе дадеме можност да се произнесуваме со дополнителен референдум по однос на веќе донесени закони, дали веќе не се поставува прашањето дека практично со Бадинтеровото мнозинствои предвидено со Устав ги штитиме правата на малцинските заедници за да веднаш со непостоење на ваква одредба во законот за референдум момжеме веднаш по донесувањето на ваков закон со Бадинтерово мнозинство кој е донесен да може по пат на референдум да биде ставен вон сила, имајќи притоа во предвид дека Република Македонија кога се распишува референдум е една изборна единица.

Исто така и мене ми е совршено јасно и свесна сум дека донесувањето на еден закон кој ги засега културата, употребата на јазиците, образованието итн, во Собранието со Бадинтерово мнозинство дека навистина тука е изразена волјата само на претставниците на етничките заедници, но не и на целото гласачко тело.Меѓутоа, тука е веќе проблемот, затоа што сметам дека доколку ја изоставиме оваа одредба од ставот 3 од членот 28, практично ние само ќе имаме уставна одредба за заштита, или уставен механизам за заштита на правата на припадниците во овие закони кои што се утврдени со ставот 2 од членот 10, но нема да биде почитувана оваа одредба, ако во законот за референдум нема ваква одредба во член 28 како што е одредбата од ставот 3. Ова е моето размислување во поглед на уставноста на одредбата на ставот 3 од членот 28.

И на крајот да кажам дека јас присуствував и на Комисијата за политички систем и таму пратениците од опозицијата, како и на Законодавно-правната комисија гласаа воздржано за овој закон. Јас сметам дека овој закон треба да го поддржиме, да ја утврдиме потребата од донесување на овој закон. Не е добро што во ниту една дискусија, освен забелешките на членот 28 став 3, немаше укажување со исклучок на последниот дискутант, меѓутоа од комисиите, од матичната и од ЗПК има забелешки. Сметам дека овој закон е добра основа за подоцна предлагачот имајќи ги во предвид сите сугестии, мислења и забелешки во втората фаза да ни предложи еден квалитетен, добар закон и се надевам, убедена сум, уствен закон.

**Љупчо Јордановоски:** Господине Краљевски имате реплика, три минути.

**Чедомир Краљевски:** Благодарам претседателе. Меѓутоа ако сакате проценете го ова мое јавување како дискусија, бидејќи не знам дали ќе стигнам за три минути да одговорам на некои дилеми.

**Љупчо Јордановски:** Вие ако дискутирате, дискутирајте за законот.

**Чедомир Краљевски:** Нема да го злоупотребам, ќе бидам во рамките на репликата. Меѓутоа, третирајте го како дискусија.

**Љупчо Јордановски:** Две минути може да реплицирате, ако ви е говор, понатаму ќе ве прекинам. Ако имате реплика, тогаш три минути. Вие имате сега дискусија, ви дозволувам да реплицирате во првите две, три минути.

**Чедомир Краљевски:** Јас би сакал само да појаснам некои нејаснотии кои беа искажани во

однос на третирањето на овој Предлог-закон како неуставен од страна на опозицијата. Јас сеуште стојам на мислењето, дури и сум цврсто убеден дека законот е неуставен и тоа точно во делот на членот 28 став 3. Каде што се воведува со законот, со Предлог-законот за референдум во овој член и во овој став се воведува една забрана која во Уставот на Република Македонија не само што е декларирана како право, или како изрично право на граѓаните, туку е дадена и во форма на императив. Ставот 3 од членот 73 на Уставот зборува: Собранието е должно, значи не само што е декларирано изрично како право, туку е должно да распише референдум кога предлогот ќе го поднесат најмалку 150 илјади избирачи. Сега објаснувањето на ценетата колешка Цветанка, дека можеби навидум се во контрадикција со ставот 3 претходните два става од членот 28 на Предлог-законот, јас заради пошироката јавност ќе се обидам да појаснам зошто тие според природата на нештата мора да егзистираат како такви. Референдум на државно ниво не може да се распише за прашања што се однесуваат на Буџетот на Република Македонија. Буџетот пред се е закон со временско ограничен карактер. Тој трае една година, од почетокот на годината до крајот на годината. И без да се донесе Буџетот едноставно не може да функционира државата, не можат да функционираат оганите на државата. Значи, според природата на нештата овој закон што се вика Буџет не може да биде подложен на проверка, дополнителна проверка на граѓаните. Понатаму, јавните давачки, исто така тоа се неопходни средства од кои живее државата. Според природата на нештата, исто така не можат да бидат подложни на дополнителна проверка. Во истата категорија се и резервите на Република Македонија.

За прашањето за избори и именувања, ние знаеме во кои се случаи имаме прашања за избори и именувања. Имаме избор на претседател на држава, имаме избор на претседател на Собрание и на претседател на Влада. И понатаму оние прашања што се би рекол во една пониска категорија кои се во надлежност или на Владата, или на Собранието. За првите три, оние најбитните, тие веќе се на некој вид референдум поминати, филтерот на референдум. Тоа се вика, изборите. Ако граѓаните веќе еднаш ги избрале тие луѓе на избори...

**Љупчо Јордановски:** Три минути реплика поминаа. Сега поминете на законот.

**Чедомир Краљевски:** За законот зборувам.

**Љупчо Јордановски:** Не. Вие реплицирате.

**Чедомир Краљевски:** Го појаснувам членот 28.Значи, не заслужува такво внимание за да едно прашање од понизок ранг од изборите и именувањата да се стави на референдум, бидејќи располагаат со доволно свест и политички мандат од избирачите оние институции што , би рекол во тој второстепен карактер од прашањата на избори и именувања предлагаат кадри, односно избираат и именуваат кадри

Што се однесува до членот 2 од предложениот закон за референдум и членот 28 ставот 2, каде што пишува дека референдум на државно ниво не може да се распише за прашања што се однесуваат на одбраната, воената и вонредната состојба. Многу е јасно, ако некој ви прети со агресија, ако некој ви прети дека ќе отвори војна против Република Македонија, вие дали имате време да се припремате за одбрана, или да распишувате референдум. Тоа е според природата на нештата не може за такви прашања да се распишува референдум. Исто така, и за вонредна состојба, таа е на снага само 30 дена, ако не се лажам. Така што замислете во времето на траењето дали е целисходно времето на траењето на една состојба кое е многу пократко од процедурата за распишување на референдум. Така што многу е јасно за ставот 1 и ставот 2 зошто не може да се распишува референдум и не може да се поистоветуваат тие два става со ставот 3, каде што изрично во законот т.е. во Уствот ако важи правилото се што со Уставот не е забрането, е дозволено, тогаш јас викам, она што со Уставот изрично е дозволено и со закон не може да се ограничи. Тоа е член 73 став 3 од Уставот, не само што е дозволен, туку е императивна норма, односно облигаторна.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓа Иванова имате три минути реплика.

**Цветанка Иванова:** Колега Краљевски, точно и јас исто така мислам. Ако не може да се распише референдум по став 1 од членот 28 од Предлогот, по став 2 од членот 28, исто така од Предлогот заради причини кои што ги кажавте. Законодавецот ќе кажам, дека не може да се распише референдум по став 3 точно заради амандманот 10 од Уставот, затоа што како што кажав може да се случува да се донесуваат закони со Бадинтерово мнозинство и наредниот ден да се распишува референдум и бидејќи Република Македонија е една изборна единица за референдум, да паѓаат ваквите закони. Точно заради тоа.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Зоран Томиќ.

**Зоран Томиќ:** Благодарам претседателе, многу кратко. Бидејќи бев испровоциран од последните дискутанти во поглед на сугестиите, па очигледно некој не го слушал добро и настапот овие три дена дискутираме. Меѓутоа, пред се сакам да укажам на претставникот на Министерството за правда за некои нелогичности кои се содржани во самиот закон. И ќе бидам многу краток. Го кажав во минатата дискусија, сугерирам преструктуирање на законскиот текст со логичен след од граѓанска иницијатива преку собраниска процедура до референдум. Членот 12, иницијаторот може да води јавна пропаганда, предлагам да се смени зборот "пропаганда", со "кампања". Мислам дека тоа не е исто. Меѓутоа она што е по мене најбитно, членот 66 точка 1, постои очигледна, јас мислам дека е сепак техничка грешка со бројката 100, затоа што

наместо 10 илјади, а се однесува на минималниот број граѓани за покренување граѓанска иницијатива на ниво на држава на национално ниво. Ако се покренуваат од 100 граѓани тогаш ќе имавме безброј граѓански иницијативи само со бројка 100. Мислам дека е минимална бројка за покренување иницијатива. И конечно членовите 66, 67, 68 и тие ги спомнав, меѓутоа уште еднаш би сакал да ги повторам. Во случај Уставниот суд да даде мислење дека граѓанската иницијатива е неуредна, Собранието повторно одлучува дали е уредна. Според мене тоа не може ниту да биде, затоа што одлуката на Уставниот суд е неотповиклива. Апелирам овие забелешки да бидат сериозно разгледани и ставени во законот кој ни се предлага во втората фаза.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Ја прекинувам седницата. Ќе продолжиме утре со почеток во 14 часот.

(Седницата прекина во 17,20 часот).